*Универзитет " св.Кирил и Методиј" - Скопје*

*Филозофски Факултет*

*Институт за историја*

*Магистерски труд на Тема:*

# *Прилеп и Прилепско во Кралството на СХС од 1919 до 1929 година*

*Ментор:*

*Проф.д-р. Никола Жежов*

*Студент:*

*Дијана Лазароска*

*Скопје 2013*

# Содржина

**Предговор** 4

**Вовед** 6

**ГЛАВА I**

**Општествено политичките услови во Македонија по 1919 година** 13

**1.1 Општествено политичката положба во Прилеп и Прилепско** 13

**ГЛАВА II**

**Мерките на властите на Кралството СХС за зацврстување на Српската власт во Прилеп и Прилепско** 28

**2.1 Економската политика на Кралството СХС во Прилеп и Прилепско** 28

**2.2 Просветната политика на Кралството СХС во Прилеп и Прилепско** 34

**2.3 Црковната политика во Прилеп и Прилепско на властите на Кралството СХС** 44

**2.4 Српската колонизација во Прилеп и Прилепско** 53

**2.5 Административна поделба** 61

**ГЛАВА III**

**Отпорот на македонскиот народ во Прилеп и Прилепско против Власта на СХС** 79

**3.1 Организациската поставеност и дејствување на ВМРО** 79

**ЗАКЛУЧОК** 91

**СЕЛЕКТИВЕН ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА** 97

**Необјавени извори** 97

**Објавени извори** 97

**Литература** 98

# Предговор

Магистерската теза под наслов "Прилеп и Прилепско во Кралството на СХС од (1919 до 1929)" има за цел посеопфатно да расфетли една досега недоволно обработена тема од современата историја на Македонија.

Во рамките на истражувањето треба да бидат опфатени економските, политичките како и културолошките аспекти на положбата на прилепското население во Кралството на СХС.

Всушност почетните децении на XX век имале судбинско значење во животот на македонскиот народ. Подвигот на Илинденското востание 1903 година како обид за ослободување на македонскиот народ, борбата против големосрпската, големогрчката и големобугарската пеентрација во Македонија, Младотурската револуција во 1908 година, беа мошне видливи изрази дека македонскиот народ незапирливо чекори кон своето конечно ослободување. Борејќи се за автономија на Македонија, македонскиот народ најочигледно одеше кон сопствен пат кон извојување национална и државна независност.

Но, по завршувањето на Првата светска војна, со Версајскиот договор на големите сили од 28 јули 1919 година, Македонија била повторно разделена меѓу соседните држави Бугарија, Србија, Грција. Мал дел и припаднал и на Албанија. Општествено-политичката положба во воспоставувањето на новата власт се одликувала со спроведување на отворена политика на денационализација и асимилација на македонскиот народ. Прилеп и Прилепско биле во составот на

новата држава на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (СХС) во која македонците не биле признати како посебен народ, туку биле прогласени за Срби односно "Јужносрбијанци".

Политиката на новата власт всушност претставувала продолжување на асимилаторската политика која била запрена во 1915 година.

Овие настани оставиле основен белег на стопанскиот развиток на прилепскиот крај , во земјоделството, тутуновото производство, занаетчиството, сточарството и ситната трговија, покрај економската положба, белези биле оставени и во општествената и политичката положба, просветата, науката, културата и спортскиот живот.

На крајот би сакала да се заблагодарам и да ја изразам посебно својата благодарност до мојот ментор проф. д-р Никола Жежов, како и на останатите професори и колеги кои ми излегоа во пресрет.

# Вовед

Почетокот на XX-от век донесе нови промени, нови исцртувања на границите на картата на Европа. Конечно Турците беа избркани од Балканот,а Македонија како последна алка од синџирот на поробени земји,успеа со помош на соседите да се ослободи од канџите на долговековниот поробувач.

По,нашите соседи, дотогашни браќа и нанесоа страотен удар со тоа што издејствува територијална поделба на Македонија, а големите империјалистички сили дозволија да му се нанесе голема неправда на Македонскиот народ.

Со Букурешкиот мировен договор од 1913година,територијата на Македонија беше поделена на четири дела: Егејскиот дел потпаднал под Грција,Пиринскиот дел под Бугарија,Вардарскиот дел под Србија и мал дел земала Албанија.

Македонскиот народ доби нови окупатори,кои целеа преку разни асимилаторски и агресорски политики да го стопат македонскот население, а со тоа да се изгуби македонскиот национален елемент.

По завршувањето на Првата светска војна како и по одржувањето на Париската мировна конференција, Вардарскиот дел на Македонија се нашол во составот на новоформината држава која била именувана како Кралството на Србите, Хрватите и Словенците.

Конкретно мојата тема на магистерскиот труд е Прилеп и Прилепско во рамките на Кралството на СХС, но преку животот на Прилепчани сакам да ја доловам сликата за општествено-политичката и социоекономската положба на македонскиот народ под српска окупација.

Во првата глава од трудот е прикажана општествено -политичката положба на Прилеп и Прилепско во рамките на Кралството, методите и средтствата кои ги користиле српските власти врз населението, како и отпорот на Македонците кон агресорот.

Во Вардарскиот дел на Македонија како и во Прилеп и Прилепско, српската власт вовела воен полициски режим, вршела административно - тересторијална поделба како што одговарало на нејзините интереси.

Во новата држава Вардарскиот дел на Македонија имал колонијален статус, со официјално непризнат национален идентитет.

Вардарскиот дел на Македонија бил именуван како "Јужна Србија" а Македонецот бил именуван како јужносрбијанец.

Тоа всушност значело дека Македонецот несмеел јавно да се декларира за Македонец, односно му било променето личното име, не смеел да зборува на мајчиниот јазик.

На територијата на Вардарскиот дел, дејствувале многубројни политички партии, посебно Радикалната и Демократската партија, кои имале за цел да ја вршат неприкосновено државната власт, и настојувале да имаат организациона поставеност и да вршат контрола врз луѓето, тие не го признавале постоењето на македонскиот национален идентитет и "верувале дека постепено ќе доведе до негово исчезнување и асимилирање со српскиот национале организам".

Политичките партии кои македонскиот проблем гледале како на проблем што треба да се реши со посебна административно-политичка регулатива во облик на автономија преку т.н."Обласна Македонија".

Освен српските граѓански партии во Вардарскиот дел дејствувале и Комунистичката партија на Југославија ,Социјалистичката партија, муслиманската организација "Џемиет" и политичкото влијание на ВМРО на Тодор Александров.

По Октомврската револуција и движењето на Европа за ослободување на малите земји од империјалистичките сили, во Прилеп и Прилепско се формирала Социјалистичката работничка партиска организација, која имала цел да се бори за своите права, и во неа прилепчани гледале надеж за решавање на македонското прашање.

Во ноември 1919 година партијата формирала свој клуб –Клуб на СРПЈ (к) ,преку кој младите прилепчани се обединиле, ги ширеле комунистичките идеи, се приклучувале кон низа активности међу кои и прославување на Меѓународниот ден на трудот.

Партијата доста напредувала,учествувала и на парламентарни избори имала свои кандидати кои постигнале добри резултати , но поради големиот притисок од буржоазиските партии и поради се почестите затворања, како и убиства на нејзини членови, партијата набрзо згаснала.

Партијата згаснала, но не и надежите на населението кое се борело за национална слобода и социјални права.

Во втората глава се елаборирани економската, просветната и црковната политика на Кралството на СХС во Прилеп и Прилепско.

Прилеп е познат по производсвото на тутун, жито, афион, исто е познат и по занаетчиите и панаѓурите, имал големо економско значење во Македонија.

Со административната поделба на девет бановини,Прилепската околија влегла во рамките на Вардарската бановина.

Уште во 1919 год. Кралството на СХС донело "Претходни одредби за подготвување на аграрната реформа" и со оваа аграрна реформа се предвидувало да се постигне: да се донесат напредни земјоделци од северните краишта кои ќе служеле како практични пропагатори на напредните земјоделски работи.

Најзастапено било тутунопроизводството ,бил отворен и првиот монопол, но секако најголем бенефит имала државата, а најмалку тутунопроизводителите.

Освен донесувањето на напредни земјоделци, кои ќе придонесат за развој на прилепскиот крај, српските власти отварале училишта, донеле српски учители за настава која се одвивала на српскохрватски јазик, а строго бил забранет македонскиот.

Во учебната 1918/1919 била отворена и првата гимназија во Прилеп, а потоа и Учителската школа, на занаетчиско-трговското училиште, итн.

Асимилација на македонското население се вршела и преку црквата, градот Прилеп со околијата влегувала во Битолско-охридската епископија.

Денационализаторска политика на Српската православна црква во Македонија нашла свој израз и во другите домени,посебно во наметнувањето на српските имиња,при крштевањето на новороденчињата.

Меѓу другите форми на големосрпската денационализаторската политика биле и воведувањето на типично српските црковни обичаи, меѓу кои и домашната слава.

Во тој период се вршела и колонизација, со тоа што се донесувале српски колонисти за изработка на земјата,тие морале да се приспособат на новите услови кои биле различни од нивните краишта и доста тешки за приспособување.

Накусо, српските власти во сите сфери од општествениот живот на Македонците,внеле различни форми на управување и контрола врз населението,а со цел да се избрши македонскиот национален елемент и претопување на истиот во српски.

Во трета и последна глава,е опишано дејствувањето на ВМРО, која се залагала за автономија на Македонија и заштита на македонското население.

Со вооружените комитски акции во Вардарскиот дел од Македонија, автономистичката ВМРО се прикажува како единствен заштитник на македонскиот народ, која што со револуционерни средства се борела за ослободување на Македонија.

Кога Македонија повторно станала крвава арена за пресметка меѓу големите сили и балканските сојузници, многу Македонци биле присилно регрутирани во армиите на балканските држави. Кон крајот на војната, кога македонското прашање било повторно актуелизирано и станало предмет на дипломатски преговори и спогодувања, почнало да се забележува манифестирање на македонската национална посебност и стремеж за слобода и своја државност, за создавање автономна обединета Македонија под меѓународна заштита. Први такви информации, за кои документирано се знае, имало уште од 1917 и 1918 година во Воденско и Леринско.

Во извештаите на службата за безбедност на српската армија било соопштено дека тамошното македонско население јавно се изјаснувало како

Македонско, се истакнува дека една од главните идеи што го интересира македонскиот народ била "идејата за автономија на Македонија". Меѓутоа македонското прашање кое што произлегувало од неостварената национална слобода и државноста на македонскиот народ, кој по војната останал распарчен, поделен и повторно поробен, заземало значањо место во работата на т.н. Народно собрание на Кралството СХС. Тоа било едно од актуелните Југословенски проблеми што го потресувало Кралството се до неговото постоење.

Во сите аспекти значањо место заземале општествено-економските и национално-политичките прилики на Прилеп и Прилепско. Македонското прашање уште при конституирањето на собранието се појавило со узурпирано вклучување на вардарскиот дел од Македонија со нејзино незаконско преименување во "Јужно Србијанци".

Прилеп и неговата околина на првото Собрание биле претставени од режимски претставници во рамките на Битолскиот изборен округ - еден од седумте окрузи на кои бил поделен вардарскиот дел на Македонија. Народот барал слобода во политичките и граѓанските права како и да биде сосема еднаков со сите покраини, бидејќи бил презаситен од четничкиот и белиот терор.

Населението небило задоволно и од нерешеното шумско прашање, бидејќи шумите биле прогласени за државна сопственост со што била укината селската и поединечната сопственост, во врска со тутунското прашање се барало зголемување на производството како слободно, да се дозволи слободна преработка. Во контекстот на економските проблеми истакнато место заземало нерешеното аграрно прашање. Со него не биле задоволни ниту македонските селани, ниту населените колонисти, ниту пак чифлигсајбиите.

Тоа било користено како цел за обезбедување на границите со колонисти и за разбирање на етничката компактност на Македонците.

Меѓутоа покрај аграрните проблеми кои ги имало прилепското население, значањо место заземале и проблемите сврзани со просветата и здравството, каде се барало ширење на просветата и здравствената мрежа во Македонија.

Во рамките на зацврстувањето на воено – политичката власт во Македонија и Прилепско, знаејќи ја улогата на црквите, училиштата и другите јавни установи, српските власти ја забраниле работата на сите дотогашни школи. Истите ги затвориле ограбувајќи и уништувајќи ги библиотеките, кабинетите, нагледните средства кои ги изгореле и искршиле.

Додека пак учителите биле прогонети и затворени. Повеќето од училишните згради биле претворени во болници како и места за сместување на војската. Покасно овие училишта биле обновени и повторно отворени но како српски училишта. Наставниот кадар привремено бил оставен без работа и приходи.

Ваква слична постапка била изледена и со црквата. Била воведена служба на српската православна црква, старите богослужбени книги биле исфрлени од употреба.

По релативното смирување на ситуацијата, српските власти почнале да создаваат нова училишна мрежа на исклучиво српски училишта и српски јазик. Основни предмети во наставата станале српскиот јазик и српската национална историја тоа било со цел да се дојде до србизирање на младите македонски генерации.

И покрај наредбата за задолжително школување на децата во Македонија и Прилеп и Прилепско, српските власти наишле на противење кај родителите кои своите деца не сакале да ги испраќаат во српски училишта. Меѓутоа за да го принудат македонското население, српските власти вовеле големи парични казни. Принуда се вршела и за непосетување на српските богослужби во црквите, посебно кога требало да се одбележуваат датумите од српската историја. За секое спротиставување прилепчани биле прогонувани и прогласувани како непријатели.

Што се однесува до политичките акции во Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни, е едно од недоволно истражуваните појави, како од историографски така и од политичко социолошки аспект.

Македонската современа историографија и политичко – социолошката наука за политичките акции во Прилеп и Прилепско сеуште се наоѓа во фаза на

прибирање и обработка. Посебно се недостапни поцелосни согледувања на мотивите, методите и средствата за дејствување.

Според расположливата документација меѓу двете светски војни биле убиени повеќе прилепчани, според истражувањата причините биле: ширењето на идејата за слобода на македонскиот народ, на комунистичките идеи, несогласување со теророт, притисоците на режимот, членување во прогресивни и благотворни здруженија, кандидирање на избори.

Српските политички кругови не го запоставувале вардарскиот дел на Македонија само во економски и културен поглед туку со години воделе денационализаторска политика за да се спречи по секоја цена појавата на македонската национална свест.

Од горе произнесеното, за Прилеп и неговата околина, како и општо за Вардарскиот дел на Македонија, е значајно дека сеуште живее идејата за македонска самобитност, и покрај разните мерки преземени од српските власти, македонското население е свесно мора да даде отпор против новиот порубувач, но останува надежта дека новите комунистички идеи кои се шират ширум Европа, ќе донесат нови промени, и конечно ќе се слушне гласот на малите народи.

Меѓутоа оваа тема посебно за положбата на Прилеп и Прилепско во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците од 1919 до 1929 година, е една од недоволно истражуваните теми посебно во овој период. Општо кажано , по воспоставувањето на власта од страна на Кралството СХС работејќи врз непрекината денационализација на Македонците преку колонизацијата и просветата имала за цел сосема да ги асимилира и да ги интегрира во составот на српската нација.

# Глава I

## Општествено политичките услови во Македонија по 1919 година

### 1.1 Општествено политичката положба во Прилеп и Прилепско

Заедничката новоформирана држава, Кралството на СХС, по Првата светска војна била формирана од земјите кои дотогаш живееле под различни економски, политички и културни услови, па поради тоа и општествените сили кои се затекнале во заедничката држава биле различни. Во склоп на многубројните противречности од национална, социјална и политичка природа се развивал и општествено-политичкиот живот во Кралството на СХС.

Политичкиот живот во Кралството на СХС го карактеризира постоењето на мноштво политички партии, како израз на разновидноста и неразвиеноста на социјалната структура, разновидноста на националниот и верскиот состав, различниот степен на економската сила, значителните културни особености, поинаквите искуства во државниот живот и политичките борби во XIX и XX век. На политичкото поле по 1918 година, се нашле бројни политички партии[1]. Некои од нив имале подолга историја, а други се гаселе веднаш по формирањето.

[1] Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во Вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1929, ИНИ, Скопје, 2004. Ст. 19 – 20.

Во политичкиот систем на Кралството на СХС, а во тој контекст и во Вардарскиот дел на Македонија, од сите српски граѓански политички партии, биле Радикалната и Демократската партија[2]. Двете партии зависно од влијанието на непарламетарните фактори, ја вршеле речиси непрекинато државната власт, т.е. ги претвораше своите сопствени одлуки во државни и ги извршувале со употреба на физичка сила на државниот апарат. Политиката на двете партии била во интерес на сите српски граѓански политички партии. И двете настојувале да опфатат што поголем дел од населението, без оглед на неговите идејни и политички погледи[3]. Затоа, и двете партии, а особено демократската партија, настојувале да имаат добра организациона поставеност што ќе им овозможи целосна контрола врз луѓето, нивно релативно масовно излегување на изборите и изјаснување на кандидатите на партијата[4].

Сите српски граѓански политички партии не го признавале постоењето на македонскиот национален елемент и според своите партиски и идеолошки становишта "верувaa дека постепено животот ќе доведе до негово исчезнување и асимилирање со српскиот национален организам" [5].

И двете партии, особено во текот на изборните кампањи, посебен интерес пројавувале за струењата во македонското нацинално и револуционерно движење. Всушност и двете партии, како партии на власта, имале доволно информации за барањата македонската емиграција кои биле изнесени на Мировната конференција во Париз 1919 година, за струењата на македонската емиграција во Бугарија, за настојувањата на најголемиот дел на политичките сили во вардарскиот дел на Македонија да се најде решение за македонскиот народ, во прв ред, да се почитуваат човековите и колективните права што му припаѓаат. Тие барања на македонскиот народ, кои биле изнесени непосредно по Првата светска војна, кога новата држава Кралството на СХС особено во вардарскиот дел на Македонија

[2] Истото, 30.
[3] Истото, 32 – 33.
[4] Истото, 34.
[5] М-р Јован Јанев, КПЈ во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија (1919-1921), Скопје 1992, 208.

сеуште небила коституирана, извршиле влијание врз политичката програма на двете српски политички партии во врска со македонскиот проблем.

Всушност, на овој проблем тие не му приоѓале како на прашање за признавање на македонската национална посебност, туку како на проблем што треба да се реши со посебна административно-политичка регулатива во облик на автономија преку т.н. "Обласна Македонија".[6]

Покрај српските граѓански политички партии во вардарскиот дел на Македонија дејствувале и Комунистичката партија на Југославија[7] и Социјалистичката партија[8], кои биле носители на комунистичкото и социјалистичкото движење, а дејствувале преку своите формирани партиски организации.

Во политичкиот живот, по Првата светска војна, одредено политичко влијание имала и муслиманската организација "Џемиет"[9], а присутно било и политичкото влијание на ВМРО[10] на Тодор Александров и на други политички организации.

---

[6] Архив на ИНИ, Скопје, фонд: Трета армиска област, Извештај на командата на битолската дивизиска област.

[7] Комунистичката партија на Југославија (КПЈ) е формирана во април 1919 година во Белград на Конгресот на обединувањето на социјалистичките партии и групи под името "Социјалистичка работничка партија на Југославија (комунисти)". На Конгресот во Вуковар (20-25.VI.1920) таа го добива името КПЈ. Развива интензивна активност во вардарскиот дел на Македонија во 1920 година. Со законот за заштита на државата (1921) КПЈ е забранета и од овој период таа дејствува илегално. Во 1923 година е формирана Независната работничка партија на Југославија и благодарение на нејзината активност КПЈ стекнува извесни позиции и полесно ги создава своите организации. По Шестојануарската диктатура (во периодот јануари 1929-есента 1931), КПЈ е под удар на диктатурата.

[8] Забранувањето на КПЈ го искористила една група за да ја формира Социјалистичката партија, на чие чело бил Живко Топаловиќ. Набрзо доаѓа до обединување на Социјалистичката партија со една група социјалдемократи и како резултат на тоа е формирана Социјалистичката партија на Југославија која постојано стоела во остра опозиција против илегалната КПЈ.

[9] "Џемиет" како политичка организација постоела и пред балканските војни во Турција. Тој го собира муслиманското население во Македонија под раководство на агите, беговите и оџите. Во Кралството на СХС, "Џемиет", како радикална творба, имала улога да и парира на револуционерната активност на незадоволните македонски маси и да го држи во покорност муслиманското население. Собира доста пратенички мандати за радикалите. Штом ја одигрува наменетата улога, радикалите го распуштаат во 1925 година и оттогаш оваа партија не се појавува како значајна политичка сила. Д-р Надежда Цветковска, цит. Дело, 12.

[10] Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација (ВМОРО) е револуционерна организација формирана кон крајот на 1893 година во Солун. Македонски историски речник, Скопје 2000, 108, 109.

Во Србија, Хрватска и Славонија, во Далмација, Словенија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, во Војводина и во Македонија парламентаризмот се развивал различно, зависно од развојот на производните сили, но и од нивната положба под туѓинска власт.[11]

Вардарскиот дел на Македонија се наоѓал во уште поспецифична положба поради нерешеното национално прашање, затоа општата положба била полоша отколку во било која друга област.[12]

Парламентарните избори за Уставотворното собрание, биле распишани на 28 ноември 1920 година.[13] Земјите кои влегле во составот на Кралството на СХС имале различни изборни системи, затоа било внесено и барањето за општо право на глас како желба на сите политички партии и движења.

По повторното воспоставување на српската воена и цивилна власт во Прилепско се формираа и граѓански партии како што се Српската радикална партија, Српската демократска партија и Српската земјоделска партија.

И покрај ваквата состојба на политички партии, под влијание на Октомвриската револуција и движењето во Европа за ослободување на малите народи од гнетот на големите империјалистички сили, при постоењето на асимилаторска политика во Прилеп се создале услови за формирање на Социјалистичката работничка партиска организација (комунисти)[14]. Оваа партија била единствена надеж за решавање на македонското прашање бидејќи на македонскиот народ не му било дозволено да ги застапува сопствените интереси преку своја посебна политичка организација.

Политичкото и класно организирање на работничкото движење во Македонија започнува по создавањето на Комунистичката партија во Југославија во

---

[11] Истото, 42.

[12] Александар Апостолов, Вардарска Македонија од Првата светска војна до изборите за Конституантата-28 ноември 1920 година, Годишен зборник, Филозофски факултет на Универзитетот – Скопје, книга 13 том, Скопје 1962, 80.

[13] Со распишувањето на изборите било распуштено Привременото народно претставништво, како и Хрватското народно веќе, Српското народно собрание и народните собранија на Црна Гора и Војводина. "Со овој акт буржоаската влада ја истакнала својата непоколеблива одлука да продолжи со ликвидирањето на дотогашните државно-правни историски "индивидуалитети", имено бришење на сите дотогашни посебни државно-правни положби на југословенските земји, посебно на Хрватска", Александар Апостолов, цит. Статија, 82.

[14] Истото, 37.

1919 година и со обединувањето на југословенскиот пролетеријат. На 12 октомври 1919 година во Прилеп од старите социјалисти и национални револуционери формирана е Месна организација на социјалистичката работничка партија на Југославија (комунисти) на чело со Лазар Манчески-учител-претстедател, Димко Здраве-фунаџија-потпретседател, Крсто Чичев-студент-секретар и уште седум други членови[15]. Со појавата на партиската организација започнува и борбата на левоориентираните сили за извојување на нивните права. Организацијата веднаш започнала со презентирање на програмата на Комунистичката партија усвоена на основачкиот конгрес и ширење на своето влијание сред македонскиот народ. Во тоа време во Прилеп постоеле доста поволни услови за активна политичка работа на организацијата бидејќи населението било составено од работници, чираци и калфи, занаетчии, тутунопроизводители и интелигенција.

Во прилог на ова била и наследената револуционерна традиција како и незадоволството од новиот режим. Организацијата максимално ја искористила оваа состојба во градот.

Поради немање сопствени простории, првите состаноци на организацијата се одржувале во куќите на членовите или на отворен простор надвор од градот, во градскиот парк, на Чаир итн. На тие први состаноци била промовирана потребата од зголемување на бројот на членови на партијата и биле преземени чекори за реализирање на истата. Освен тоа на состаноците се дискутирало и за меѓународната положба во светот истакнувајќи ја победата на руският пролетаријат во Октомвриската револуција чиј пример требало да следи. Била осудувана корупцијата, самоволието и полициският терор врз народот од страна на чиновничкиот апарат какао и демагошката политика на радикалите и демократите.

Воноември истата година партијата формира свој клуб-Клуб на СРПЈ (к) во Прилеп, кој станал центар за ширење на комунистичките идеи особено меѓу младите. На првиот состанок кој бил масовно посетен, покрај другите говорел и претседателот на битолската организација Ратко Жуниќ.Тој ги повикал работниците да се организираат во свои класни политички организации, притоа

[15] Истото, ср. 38 – 39.

говорејќи и за намалување на работното време, правата на човекот и на работникот, за социјалистичкото општество итн.

До крајот на 1919 година главна дејност на организацијата била поврзување и соработка со работничката класа во синдикалните организации и со опфаќање и организирање на селското население. Потоа започнала со борба против скапотијата и шпекулацијата со основните прехранбени продукти и водење тарифни акции и штрајкови. Прилепската организација се придружила и на општата кампања на Партијата ширум Југославија во борбата за спроведување на демобилизацијата, за распуштање на противдржавниот уставен совет, за свикување на Уставотворно собрание итн.

На надворешен план организацијата правела напори за поврзување и соработка на македонската работничка класа со работничките движења во другите земји како и за меѓународно признавање на Советска Русија.

Во 1920 година на чело на прилепската партиска организација дошол Атанас Илиески, правник од Дебар, додека српскиот комунист Михаило Ѓорѓевиќ-Чича бил назначен за седлар во прилепската касарна. Под нивно раководство партијата доживеала голем подем. Атанас Илиески се истакнал како голем пропагатор на комунистичките идеи во градот и околината[16]. Во тоа време биле одржани бројни митинзи и протестни собранија против тогашниот режим.

Од посебно значење е митингот во населбата Тризла на кој Илиески и Чича смело изјавиле дека на капитализмот му се изброени деновите бидејќи не е во состојба да обезбеди работа за милиони работници и селани. Но затоа на негово место доаѓа како спасител на светот од пропаѓање комунизмот кој се наметнува како нужност.

Прилепските комунисти се приклучиле на сите тогашни акции на КПЈ, организирале повеќе манифестации во кои активно учествувале работните маси од селата и градот. Револуционерните национално-ослободителни манифестации и демостраци земале се поголем замав и биле под големо влијание на Октомвриската револуција.

[16] Истото, 40.

Во 1920 година претставници на прилепската партиска организација учествувале на дводневната обласна конференција на партијата во Скопје на која било посветено најголемо внимание на прашањето за зголемена агитација меѓу работничките маси за подготовка на терен за престојната социјална револуција. Со таа цел прилепската организација го проширила своето дејствување освен во градот и во селата каде добиле неочекувани резултати биле основани неколку нови партиски организации и тоа во селата: Ракле, Штавица, Никодин, Беловодица, Дуње и други места, во кои на почетокот биле зачленети 100 нови членови, а во 1920 бројот се покачил на 200[17].

Како резултат на добрата пропаганда до 1920 година организацијата се стекнала со 400 членови и неколкупати повеќе симпатизери.

Организацијата водела долга и остра борба со оваа група која завршила во 1920 година со нејзино исклучување од Партијата[18].

Месниот комитет применувал разни форми и методи за привлекување на членови и симпатизери, од кои најчести биле честите приредби и другарски вечери, посетувани од голем број граѓани особено млади. Секоја сабота во клубот биле изведувани револуционерни драми и хумор на македонски јазик, како "Печалбари" од Антон Панов, "Македонска крвава свадба" од Војдан Чернодрински итн[19]. Сите овие приредби и претстави биле масовно посетени. Најмасовна манифестација била прославата на меѓународниот ден на трудот Први мај. На оваа прослава присуствувале голем број работници, сиромашни занаетчии и други граѓани како и голем број селани од околните села.

Сите учесници на оваа манифестација на чело со раководството на партијата минувале низ поважните улици во градот со партиски знамиња, песни и пароли за скратено работно време, за колективни договори, рамноправност, признавање и сојуз со Советска Русија. Освен македонските народни револуционерни песни, луѓето ја пееле и Марселезата. Селаните биле облечени во народни носии со црвени партиски знамиња, со што манифестацијата била претворена во општонароден

[17] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, Книга прва, Прилеп, 1988, ст.37.
[18] Истото, 39 – 40.
[19] Прилеп и Прилепско низ историјата, ИНИ, Книга втора, Прилеп, 1971. Ст. 45.

интернационален и национален собир на класно експлоатираното и национално поробено прилепско население.

После оваа успешна првомајска прослава партијата се здобила со нови симпатии кај населението како и авторитет кај чесните граѓани.

Делегатите на прилепската организација присуствувале на Вуковарскиот конгрес во 1920 година на кој ги осудиле фракционистите и гласале за новата револуционерна програма . СРП (к) била преименувана во КПЈ на големо задоволство на прилепските комунисти[20].

Партиската организација посветувала големо внимание на привлекување на младината, но истовремено и властите го правеле истото така што преку режимските професори влијаеле на средношколците во прилепската гимназија каде наишле на голем отпор и отворен судир. Наспроти тоа партиската орагнизација ги организирала младите во младински групи - "млади комунисти" кои потоа преминувале во членови на СКОЈ[21].

Прилепската младина била активно вклучена во политичките настани. Своето незадоволство од моменталната политичка состојба го искажувала во секојдневната работа како и при прославувањето на маѓународните празници. Една таква прослава била прославата на Младинскиот ден на 5ти септември 1920 година, кога бил одржан масовен младински митинг. На тој митинг била донесена опширна резолуција од програмски акционен карактер во која младите официјално го изнесле својот став спрема тогашната ситуација во земјата.

Сите овие активности на Партијата биле проследени со пречки, тешкотии и попречувања од страна на власта. Функционерите и другите членови на партијата биле прогонувани, малтретирани и прогласувани за бугарски или руски агенти.

Есента 1919 година, месниот комитет на СРПЈ(к) формирал синдикална подружница од монополските работници со раководство од 10 члена но што истите биле избркани од работа. Но на барање на граѓаните сите членови освен Павле Ѓорѓиоски, кој бил окарактеризиран како организатор, биле вратени на работа. Синдикалната подружница продолжила со работа одржувајќи масовни

[20] Истото, 48.
[21] Истото, 50.

конференции иземајќи активно учество на прославата на Први мај и парламентарните избори во 1920 година[22].

Во почетокот на 1923 година организирале успешен штрајк на монополските работници со што извојувале повисоки дневници[23]. Но веднаш потоа раководителите на синдикалната подружница биле отпуштени од работа, затворени и тепани од полицијата а била забранета работата на синдикалната подружница. Истата била обновена пролетта 1924 година кога се поврзала со централата на монополските работници во Ниш, од каде добивале материја, членски карти и друго.

Синдикалнаат подружница овој пат работела поактивно но поради својата активност повторно била забранета од 1925 до 1929 година. Во овој период раководителите на подружницата биле прогонувани, малтретирани и заплашувани што довело до намалена активност од страна на другите членови[24].

Во текот на 1920 година КПЈ спровела бројни политички акции против Обединетата југословенска буржоазија од кои најистакната е нејзиното самостојно истапување на општинските и парламентарни избори. На општинските избори во Прилеп, Партијата не настапила со свои кандидати поради задоцнето поднесување на кандидатската листа, но таму каде што излегле на избори постигнале значајни резултати.

Партијата добро се подготвила за парламентарните избори кои се одржале на 22 ноември истата година и за свој кандидат за прилепската изборна околија го истакнала својот претседател Атанас Илиески[25]. Буржоаските партии ги презеле сите можни мерки за да ја спречат победата на КПЈ. Меѓутоа и КПЈ настапила со добро организирана предизборна програма која се состоела од бројни предизборни собири во градот и селата. Партиските агитатори на овие собири го користеле

---

[22] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, Книга прва, Прилеп, 1988, ст.76 - 77.
[23] Истото, 78.
[24] Прилеп и Прилепско низ историјата, Книга втора, Прилеп, 1972. Ст. 51.
[25] Истото, 62 – 63.

македонскиот јазик и ги застапувале барањата на народот за решавање на македонското национално прашање[26].

Буржоаските партии се бореле да ја спречат вакваат организирана работа на партијата користејќи бројни недозволени средства како малтретирање, притисок и заплашување на членовите на КПЈ и нивните агитатори. Под засилен удар КП го поставувала пред широките македонски маси расветлувањето на сите политички игри од страна на режимот со народот.

Најчесто, на предизборните собири биле истакнувани проблеми во врска со економската експлоатација и социјалното угнетување, националното ропство и асимилацијата, колонизацијата, политичките убиства и белиот терор, нерешеното аграрно прашање, безработицата, скапотијата, шверцот и друго.

Сепак, најмногу бил демаскиран белиот терор, кој во голема мера беснеел и во најчести случаи бил отворено применуван против припадниците на КПЈ.

Од страна на режимот особено бил малтретиран учителот Ратко Жуниќ кој бил секретар на партијата во округот.[27] Но и покрај сите притисоци партијата издржала и постигнала доста добри резултати на изборите со добиени 8036 гласови од вкупно 22771 во битолскиот избоен округ во чиј состав била и прилепската изборна околија. Од вкупно 15 избрани комунистички пратеници во цела Македонија, тројца биле од битолскиот изборен округ[28]. При анализа на горе наведеното Д-р Надежда Цветковска заклучува:

"За успешната предизборна активност на КП во Битолскиот изборен округ зборува загриженоста на полициските власти, а посебно се интересни извештаите што началникот на округот ги испраќал до министерот за внатрешни работи, во кои го известувал за развојот на целокупната политичка состојба во овој изборен округ.

И покрај попречувањето во предизборните активности од страна на режимските партии, а особено од режимската власт (апсења, оневозможување,

[26] КПЈ не секогаш имала правилен став по македонското прашање. До одреден период, на него гледала како на географско пашање како и другите балкански комунистички партии.

[27] Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија (1919- 1920), Скопје, 2004, стр.72

[28] Истото, 64.

растурање и забрана на собирите), сепак за изборите од 28 ноември 1920 година, КП во Битолскиот изборен округ истакнала кандидатска листа со 10 кандидати."[29]

Оваа победа имала историско значење меѓу народот како победа против реакцијата и националното ропство. Сепак оваа победа во голем степен била резултат на незадоволството на македонскиот народ од тогашната власт, како и желбата за слободен национален живот и независен државен развиток.

Меѓутоа со законот за заштита на државата, била спречена работата на КПЈ со нејзино ставање надвор од законот. Со тоа комунистичкото движење како и ослободителната борба на македонскиот народ биле спречени, а самата партија западнала во длабока криза. Партиската организација бил затворен и целиот партиски имот бил конфискуван. Обзглавените партиски организации почнале да се осипуваат а затворите биле полни со водачи и членови на партијата[30].

Сепак, прилепската партиска организација продолжила да работи илегално, реорганизирана во ќелии од по три до пет члена, кои дејствувале кај работните маси преку најразлични форми на дозволено општествено дејствување. И покрај ваквите тешки услови на работа, на изборите во 1923 година партијата ги добила општините во Дуње и Витолишта. Заради тоа власта не престанувала со борбата против членовите и активистите на КПЈ како и нивно прогонување и измачување. Во 1920 година на големиот политички процес на 50 осуденици, неколку комунисти биле осудени на казни затвор.

Во 1923 година била создадена Независната работничка патија на Југославија како легална партија на КПЈ, а во Скопје бил формиран нејзин обласен секретаријат на чело со Атанас Илиески. После тоа биле создадени и месни организации во некои градови меѓу кои и градот Прилеп.

Во 1924 година партијата распишала референдум околу поставувањето на дискусија за националното прашање за кој прилепската организација позитивно се изјаснила. Во истиот период била формирана скоевска организација во Прилеп, а нејзин претставник учествувал на покраинската конференција на СКОЈ во 1925

[29] Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија (1919 – 1920), Скопје, 2004, стр.73

[30] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, Книга прва, Прилеп, 1988, ст.351 - 352.

година. На оваа конференциај била донесена резолуција за проширување на членството и негово активно вклучување во синдикатите и другите масовни организации.

Во 1925 година била формирана ВМРО (об) а веднаш потоа по наредба на Коминтерната и нејзини месни организации во македонските градови како и во градот Прилеп на чело со Ордан Дебеломесо[31]. Меѓутоа поради погрешно пренесена директива сите членови на Партијата и СКОЈ биле соединети во ВМРО (об) како нејзини членови што предизвикало конфликти и расцеп околу улогата на Партијата во ВМРО (об).

Во 1924 година преставник на прилепската партиска организација учествувал на седницата на Обласниот секретаријат на НРПЈ. На оваа седница биле разгледани важни прашања за организацијата и биле донесени нови препораки за работата на членовите на теренот. Била истакната потребата од отворање на вечерни работнички школи и било одлучено да се зацврсти организацијата на партијата. Аграрното и националното прашање биле оценети како доста актуелни за работа на партијата меѓу работничките маси во градовите и во селата. Била истакната потребата партискиот печат да објавува повеќе статии за Македонија како и потребата за поорганизирано растурање на партискиот и револуционерниот печат по градовите и селата.

Прилепската оганизација активно ги спроведувала одлуките донесени на седницата. Успешно бил дистрибуиран партиски печат и разновиден пропаганден материјал низ градот и во селата. Но со забранаат на НРПЈ во 1924 година нејзината активност била прекината.

Во 1925 година биле одржани нови парламентарни избори на кои партијата направила бојкот заради наможноста самостојно да истапи. Во Прилеп таа била приклучена кон листата на земјоделците кои добиле само 621 глас.

[31] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, Книга прва, Прилеп, 1988, ст.347 - 350.

Следел период на намалена активност на партијата поради теророт, убиствата и прогонувањата од страна на власта. Голем број активисти биле пасивизирани а голем дел и се откажале од партијата[32].

Останатите го насочувале своето дејствување кон организирање на културни приредби, излети и растурање на партиски револуционерен печат како и вклучување во работата на културно просветните и спортските друштва во градот. На парламентарните избори во 1927 година партијата се приклучила на листата на демократите кои добиле 2 303 гласови и биле втори веднаш после Радикалната партија.

Во овој период организацијата имала само 12 члена а по атентатот на генералот Ковачевиќ во 1927 година и заострените прогони во 1928 година бројот се намалил на 6. Во меѓувреме нејзин претставник зел учество на обласните конференции во Велес и Скопје на кои бил расчистен односот помеѓу Партијата и ВМРО (об) и било решено да се организираат партиски фракции на ВМРО (об) кои требало да работат на ширење на организацијата во Македонија[33].

Во Вардарска Македонија владеела насилна денационализација. До 1926 година биле убиени околу 1600 лица, затворени околу 30 000 лица а само во 1927 година во затвор биле околу 7 000 македонци.

Прилепчаните биле посебно омразени и биле изедначени со Бугари и третирани како "бугараши" на кои не треба да им се верува[34]. До 1929 година во Прилеп и Прилепско биле затворени 283 лица од кои 107 биле осудени на повеќегодишна робија.

Биле вршени разни насилства, терор, грабежи и убиства. Македонскиот народ претрпел и многу тешкотии предизвикани од страна на атентаторските групи на ВМРО од Бугарија чија задача била да го одржуваат отпорот на македонскиот народ против српската власт. Такви биле четите на Јонче Ѓурлуков, внук на Милан Ѓурлуков, поранешен војвода на врховистичката ВМРО, четата на Петре Паша, Дончо Северко од Варош, бандата на качакот Каљуш, со потекло од Зајас-

[32] Прилеп и Прилепско низ историјата, Книга втора, Прилеп, 1972. Ст.71.
[33] Прилеп и Прилепско низ историјата, Книга втора, Прилеп, 1972. Ст. 74 – 75.
[34] Истото, 80.

Кичевско[35]. Сите тие ги малтретирале жителите на Прилеп и прилепските села, ограбувале, убивале и палеле и сето тоа во соработка со власта.

Притоа за сето тоа биле обвинувани невини лица се со цел што повеќе од нив да се затворат. Во тој период на засилен бел терор се случила и ченичката афера, која се случила на 20 јуни 1922 година. Аферата се состоела во затворање на 16 ученици од вишите класови на гимназијата и еден воспитувач од ученичкиот дом поради убиство на ученик во седми клас и обид да ја запалат гимназијата во Прилеп. Обвинетите ученици биле осудени на 5 до 15 години строг затвор[36]. Сите тие биле деца на видни граѓани кои биле против политиката на посрбување и биле доста активни во општествениот живот на градот, литературната дружина, училскиот хор и оркестар а во 1919 година ја прикажале драмата Македонска крвава свадба од Војдан Чернодрински на македонски јазик.

За ова убиство пишувале многу весници во СХС но и во соседните земји и му бил даден политички карактер. Власта сакала да ги обвини учениците дури и за палењето на Црвените касарни во Битола.

Во 1928 година во Прилеп бил убиен Јон Бојаџија, човек со авторитет во градот, за кој владаат се плашела да не се кандидира за народен пратеник на претстојните избори[37].

Теророт и ограбувањето на народот било претерано, така што се изнајдувале разни наводни причини за казнување на населението, како на пример порано отворање или покасно затворање на дуќаните, наводно неисчистени тротоари или неизметени дуќани, пеење на "антидржавни песни" на свадби и други веселби[38].

Казните биле и парични и затворски, додека против сомнителните лица се спроведувал систем на полуслободни луѓе кои работеле преку ден а навечер издржувале затворска казна како превентивна мерка[39].

Се измислувале причини за да се казнат поимотните граѓани а оние што не можеле да ја платат својата слобода оделе на суд[40].

[35] Истото, 83 – 85.
[36] Истото, 87.
[37] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, Книга прва, Прилеп, 1988, ст. 135 – 137.
[38] Истото, 459.
[39] Истото, 462 – 463.

Социјалната структура на кандидатите за народни пратеници од вардарскиот дел на Македонија не се разликувал многу од структурата на кандидатите за пратеници во целото Кралство на СХС. Според професијата структурата била многу шареполика. Тоа биле главно богати социјални слоеви, истомисленици, луѓе од власта или блиски до неа, претседатели на општини, земјосопственици, чиновници, трговци, адвокати, пензионери, земјоделци, лекари, кои порано биле на повисоки државни функции. Многу од нив не биле од македонско потекло или не живееле во вардарскиот дел на Македонија, така што и не ги познавале потребите на македонскиот народ.

Своето незадоволство од формалната застапеност на кандидатските листи а и во Народното собрание, како и незадоволството од својата положба, народот во вардарскиот дел на Македонија го изразувал со пасивен отпор или пак гласајќи за КПЈ, особено првите години од изборите, гласовите кои македонците ги давале за српските граѓански партии секогаш биле добивани под притисок.

Иако парламентарните избори од 1920 до 1929 година во вардарскиот дел на Македонија биле „демократски,, сепак на македонскиот народ не му била дадена можноста да гласа за македонската политичка партија, бидејќи политичкиот живот морал да се движи во правецот кој го диригирал Белград. Македонскиот народ и покрај тоа што непосредно учествувал на парламентарните избори, сепак тој бил принуден да гласа за туѓи партии.

[40] Истото, 468 – 470.

# Глава II

## Мерките на властите на Кралството СХС за зацврстување на Српската власт во Прилеп и Прилепско

### 2.1 Економската политика на Кралството СХС во Прилеп и Прилепско

По завршувањето на Првата светска војна, Прилеп и Прилепско паднале во составот на новата држава на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, каде што Македонците не биле признати како посебен народ, биле прогласени за Срби односно "Јужносрбијанци"[41].

Политиката на оваа власт всушност претставувала продолжување на асимилаторската политика која била сопрена во 1915 година. Основен белег на стопанскиот развиток на Прилепскиот крај во овој период, биле земјоделството, тутуно производството, сточарството, занаетчиството и ситната трговија која постоела.

Прлепскиот крај во минатото бил познат по панаѓурите и занаетчиите, по производството на тутун, афион, жито, со својата местоположба одсекогаш имал големо економско значење во Македонија.

Тоа економско значење го овозможиле плодната пелагониска рамнина, богатите планини со шуми и руди, умерено континенталната клима, собраќајните крстосници и слично.

[41] ИНИ, Скопје, Прилеп и Прилепско низ историјата, Книга втора, Прилеп 1971, 7-8.

По влегувањето на Вардарска Македонија во составот на Кралството СХС, Прилеп бил седиште со 109 села. Во 1929 година Прилепската околија влегла во составот на Битолската жупанија[42], а по прогласувањето на Кралството СХС , со неговата административна поделба на девет бановини, Прилепската околија влегла во рамките на Вардарската бановина.

Населението во најголем број го сочинувале Македонци, додека имало и помал број на Роми, Турци и Власи, поголем број од населението 40 % било неписмено. Според пописите кои биле направени во 1921 година имало 27 996 лица од машки и 26 484 лица од женски пол. Ова население живеело во 10 084 домаќинства, кои биле сместени во 9 522 куќи.

Во овој период биле подигнати 23 јавни објекти за основни училишта, парк со површина од 3 хектари, со иницијатива на граѓаните била изградена црква, занаетчиски дом, учителска школа, дом за народно здравје со бања, два магацини за сместување на тутун и друго.

Прилеп бил старовремски град, со тесни и криви улици, без водовот и канализација, без урбанистичко решение, со темни и ниски куќи, со широки и оградени дворови.

Паѓањето на Вардарска Македонија под Кралството СХС ништо добро не му донело на македонскиот народ. Во тоа време 86,4 % од населението било селско, додека пак 2/3 од населението било сиромашно, кои од обработката на земјата не заработувале ни за основната прехрана. Уште во 1919 година Кралството на СХС донело "Претходни одредби за подготвување на аграрната реформа"[43]. Со оваа аграрна реформа се предвидувало да се постигне: производство на неискористените комплекси, со Колонизацијата на одземената земја да се донесат "напредни" земјоделци од северните краишта на државата, кои со својата рационална работа ќе служеле како практични пропагатори на напредни земјоделски работи, решавање на социјалното прашање на земјоделците без земја[44].

[42] Истото, 10-13.
[43] Vladan Jovanovic, Jugoslovenska država I južna Srbija 1918 – 1929, Beograd, 2002. Str 227-233
[44] Истото.

Но и со овие спроведени реформи ништо не се постигнало бидејќи требало да се плати одземената земја преку откуп. Плаќањето требало да го изврши државата, а исплатените пари преку даноци да се соберат од сиромашните земјоделци. Така селаните, поради големите даноци се нашле во уште потешка положба.

Меѓутоа иако имало голем број на противници на аграрните реформи кои биле спроведени од страна на Кралството СХС , тие во Вардарска Македонија почнале да се спроведуваат за хегемонистички и денационализаторски цели[45].

Прилепското земјоделство се одликувало со некои карактеристики и тоа: индивидуална сопственост на земјата, расцепкани мали површини, мала примена на агротехника, сосема незначителнипримени на вештачки ѓубриња, незаштитеност од поплави и порои, ниска посветеност на селското население и слично.

Во тоа време на површините во Прилепското поле најмногу се одгледувале житарици, покрај нив се одгледувало `рж особено била прочуена мариовската `рж која и се извезувала[46].

Исто така се произведувало јачмен, овез, просо, грав и друго. Додека пак од индустриските култури биле прочуени прилепските пиперки, афион, анасон, метли, бостан, прочуениот бучински кромид и друго.

Посебно значење за Прилеп и Прилепско има тутуновата култура[47]. Производителите на тутун во почетокот тутунот го произведувале како чифчии а подоцна како самостојни производители. Кога се вовел монополски режим од страна на Кралството СХС, така и во Прилеп и Прилепско бил воспоставен монополски режим во произвотството на тутун.

Спрема производителите на тутун, особено лошо се однесувале финансистите кои биле поставени да се борат против криумчарење на тутун. Откупот се вршел во присуство на повереници, кои претходно давале клетва деке ќе работат праведно. Исплатата за откупениот тутун на тутунопроизводителите се вршела на лице место, во присуство на општински органи[48].

---

[45] Истото.

[46] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, Книга II, Прилеп, 1988, стр.18 -27

[47] Истото, 14-18

[48] Прилеп и Прилепско низ историјата, Книга втора, Прилеп, 1972,стр.14 - 16

Според бројот на засадени хектари, бројот на производителите и количеството произведен тутун Јужна Србија и Вардарска Македонија го заземале првото место, бидеќи 35-50 % од вкупното производство во Југославија се произведувало тука. Особено многу и квалитетн тутун се садело и произведувало во Прилеп и Прилепско. Но и покрај тоа тутунот се садел во ограничени количини[49].

За населението во Прилеп и Прилепско, тутунот имал големо економско значење, бидеќи со неговото производство до максимум се користеле природните услови. Економското и социалното значење за населението се состоело во неговата ангажираност за егзистенциа. Ова значење се состоело во тоа што жителите како тутунопроизводители, наоѓале предмет на работа[50].

Сепак најголемото економско значење од тутунот имаше државата, бидеќи таа преку монополот и финансискиот систем остварувала многу големи приходи за својот буџет.

Тутунот имал исто големо значење за државата поради извозот, како и задоволувањето на потребите на домашниот пазар. Затоа во Прилеп биле изградени магацини за откуп, сместување, манипулација и природна ферметација на тутунот. Тутунопроизводителите биле многу потценувани и третирани како обични индивидуални земјоделци[51].

Тутунопроизводителите иако и создавале големи приходи на државата, таа не водела никаква сметка за нив, ниту за нивното обезбедување со средства за работа, со станови, социјално и здравствено осигурување, давање помош и слично. Бидеќи тутунопроизводителите биле многу експлоатирани и без никакви права во поглед на сопствениот тутун, самите се пореле против ваквите постапки и ги барале своите права. За таа цел тие основале свое тутунско здружение[52].

По земјоделската дејност во која доминираше тутунопроизвотството, најзастапена дејност во Прилеп било занаетчиството. Со своите занаети овој град

---

[49] Истото, 15
[50] Истото, 16
[51] Истото, 16
[52] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, II, Прилеп, 1988, стр.69 - 73

бил надалеку познат, а производите на занаетчиите на Прилепскиот панаѓур заземале најмогу место и правеле најголем промет.

Пред Првата светска војна имало над 300 занаетчии, кои изработувале само бакарни садови, мангали, казани за печење ракија и друго. Се произведувало и кантари, ножеви, памучни кошули, тесли, секири, килими, чорапи и друго. Меѓутоа за време на Првата светска војна занаетчиите многу ја намалиле својата дејност, поради немање на материјали.

По завршувањето на Првата светска војна, занаетчиите продолжиле со работа, но еснафите потполно се распаднале. Занаетчиите работеле сорет законите кои биле пропишани од Кралството СХС, т.е според законот за работниците.[53] Во овој период прилепското занаетчиство поради негрижа на режимот за нивното унапредување и поради конкуренцијата на фабричките стоки нагло започнало да опаѓа.

Заради тоа во овој период многу занаетчии пропаднале, а скоро сите што постоеле се претвориле во тутунопроизводители како дополнително занимање.

Прилепските занаетчии воделе остра борба против продирањето на индустриските производи.[54] Особено во тоа се истакнале кондураџиите против комбинатот "Бата", кој во Прилеп отворил продавница во 1929 година.

Борбата се изведувала најпрво со протести, потоа со физичко пресметување – кршење на излози, одбивање да поправаат чевли купени од "Бета" и слично. Кога виделе дека со индивидуални истапи немаат успех, занаетчиите започнале да создаваат свои задруги, при што повторно најмоги се истакнале кондураџиите кои основале три задруги со цел: заеднички да се снабдуваат со материјали, да имаат заедничка продажба на производите, создавање на можности за заеднички настап на пазарот, создавање на средства за набавка на материјали на големо и слично.

Во задругите се работело по 15 часа,[55] но сепак во работата немало успех, бидејќи немало техничка поделба на трудот, премногу била слаба опремата со машини, а истоа така воопшто не се водело сметка за производството и

[53] Ристо Христов, Трудбеничките општествени слоеви во Македонија 1919-1941, Скопје, 1994, 5-6.
[54] Исто, 11-14.
[55] Исто, 15

распределбата, ниту пак самото Кралство на СХС не се залагало за подобрување на работата и условите во самите задруги.

Додека занаетчиството на некој начин се развиваше и го достигнуваше својот подем, во Прилеп индустријата во вистинска смисла на зборот не постоела, ваквата положба од колонизацијата што имаше широк замав во Вардарска Македонија, како и од општата состојба во државата на Кралството СХС[56].

Првите зачетоци на идустријата во Прилеп се појавиле во втората половина на XIX век, кога во Прилеп имало околу 40 работилници за дробење на тутун, кои подоцна се концентрирале во пет големи работилници со по 15 - 20 работници[57].

Надалеку биле познати и работилниците во Табана, кои преработувале големи количества на кожи, од ситен добиток, односно од овци, кози, јарињна, јагнијна и друго. Овие работилници работеле постојано меѓу двете светски војни.

Според записите кои постојат се истакнува дека браќата Ѓорѓи, Спиро и Милана Градановн кои до 1924 година биле трговци со чевли, заедно со Домле Ивановски изградиле пивара[58]. Капацитетот на пиварницата бил 5 000 хектолитри пиво годишно и 1 200 кг. Мраз за 24 часа.

Пиварницата со слад се снабдувала од Белград и Загреб. Пивото најмногу се трошело во Македонија а особено во Прилеп, Битола и Скопје[59]. Но поради големата конкуренција Прилепската пиварница пивото секогаш го продавала со 50 % пониска цена од цената на пивото за други пиварници, поради тоа имале слаба добивка. Пиварницата работела со обичен јачмен кој истиот бил купуван од Прилепско и Велешко.

Дневницата во Пиварницата за 10 работни часа изнесувала 15 динари, додека пак во занаетчиството работниците добивале дневница од 10 до 12 динари[60].

Што се однесува до електрификацијата во Прилеп била започната со работа уште за време на Првата светска војна во 1917 година, Германците имале поставено

[56] Д-р Никола Узунов, Историското формирање на индустриските центри на територијата на СРМ, "Јубиларен годишник" на Економскиот факултет, Скопје, 1970.
[57] Прилеп и Прилепско низ историјата, Книга втора, Прилеп, 1972, стр.23 - 26
[58] Истото, 27
[59] Истото, 28
[60] Истото, 29

мотори на неколку места и била произведена првата струја во овој град за свои потреби. Електричната струја се користела за работилниците, еден дел за осветлување на градот и некои куќи. Градежништвото во Прилеп и Прилепско било слабо развиено. Се градело без механизација, а градежните работи ги изведувале мајстори и претприемачи[61].

Во врска со рудното богатство, теренот во Прилеп и Прилепско не бил воопшто испитан се до ослободувањето.

Меѓутоа во одредени наоѓалишта биле пронајдени првокласни мермери, момирок, лигнит, арсен, антимон, корунд, рубини, руди за воденички камења и друго. Со изнајдените рудни богатства во Кралството СХС, мермерот бил користен за изработка на споменици и плочи. Познати рудници во овој период кој се истакнале биле Сивец и Плетвар.

Во периодот меѓу двете светски војни се произведувало многу квалитетен вар од варовникот кај село Тројаци кој го имало во неограничени количества[62]. Варот се произведувал на едноставен начин во обични дупки, но поради квалитетот бил премногу баран како на прилепскиот така и на другите пазари.

По Првата светска војна во Прилеп се развила трговијата. Во минатото Прилеп бил прошуен по својот панаѓур кој се одржувал еднаш годишно каде се вршело голема купопродажба.

Пазарите се одржувале двапати неделно, во петок бил пазарот за ситен добиток- јарињa, јагнињa, овци, кози и друго. Овој пазар бил особено богат па затоа имало трговци за купување на добиток не само од Прилеп, доаѓале трговци и од Битола, Велес, Скопје и други места.

Во сабота се одржувал пазарот за крупен добиток- коњи, крави, волови и друго, како и пазар за жито, зеленчук, овошје и слично. Во пазарните денови во Прилеп доаѓале купувачи и продавачи од сите околни села, ккао и од блиските градови – Битола, Велес, Кавадарци, Крушево, Брод, Кичево и други[63].

[61] Истото, 32
[62] Прилеп и Прилепско низ историјата, Книга втора, Прилеп, 1972, стр.26
[63] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, II, Прилеп, 1988, стр.135

Структурата на пазарот била нај разновидна а особено биле застапени: пченица, `рж, јачмен, пиперки, грав, просо, пченка, грозје, дињи, лубеници и друго. Постоел посебен пазар за дрва и дрвен ќумур кои се носеле со товари а подоцна и со коли.

Во трговијата во работен однос биле 314 лица, од кои во колонијал биле 120 лица, во галантериски дуќани 92 лица, во железарија 40 лица, додека пак во манифактурни дуќани 32 лица итн[64].

За тешката економска положба на населението и занаетчиството, кое било со ниска техничка опременост и конкурентска неспособност, во индустријата и трговијата се барало излез во задругарството, односно во формирањето на набавно – продажни и кредитни задруги.

Така по 1925 година се појавиле и набавно-продавни задруги, како што биле: занаетчиската задруга, набавно-продавната задруга на монополските работници, задругата на железничарите и задругата на службениците.

Посебно значење имала набавно-продавните задруги во селата, како на пример во Никодин, Небрегово, Десово,Витолишта, Полчишта и други[65].

Занаетчиската задруга во Прилеп вршела набавка на потребните материјали за членовите занаетчии.

Набавната задруга на работниците и службениците им давала кредити од 200 до 1000 динари, според висината на платата. Сите членови имале учество и имале обврска да плаќаат чланарина.

Задругата продавала мешана стока со минимална добивка. За кратко време задругите покажале видни резултати , така што сите селани започнале брзо да се зачленуваат. Секое семејство добивало членска земјоделска книшка, во која се евидентирал прометот заради учество во добивката. Така што од остварената добивка најпрво се враќало учеството, а потоа во наредните години прометот се делел.

[64] Прилеп и Прилепско низ историјата, Книга втора, Прилеп, 1972. Стр.30 - 31
[65] Истото.

На сличен начин работеле задругите и во другите села, а особено важна улога и голема активност имале задругите од Мариово во селата Витолишта, Бешишта, Полчишта и други.[66]

Што се однесува до банкарството и банкарските работи во Прилеп и Прилепско, главно ги вршеле сарафите како и лихварите кои искучиво се занимавале со давање пари на кредит. Кредитирање вршеле и поимотните трговци и занаетчии, кои од населението биле наречени мамелеџии.

Првата прилепска трговска банка била основана во 1922 година во вид на акционерско друштво.

Основачи на банката биле осум лица. Седиштето на банката било во Прилеп а свои филијали имало во Скопје и Битола. При основањето банката имала капитал од околу 1 500 000 динари. Со банката управувал управен одбор од 6 члена и надзорен одбор од 3 члена. Банката вршела чисто банкарски а истовремено и небанкарски работи.

Во банкарската дејност главно спаѓале давањето кредити од средствата кои биле вложени од акционерите. Небанкарската дејност се состоела во купување на различни машини и изградба на магацини и работилници.[67]

Меѓутоа многу од акционерите во банката увиделе дека неможат да се занимаваат со банкарска дејност па се одале со занимавање на трговија.

На тој начин во почетокот на 1924 година била ликвидирана првата прилепска трговска банка, Прилеп останал без институција иако се чуствувала голема потреба од неа.[68]

Во тоа време занаетчиите од Прилеп користеле кредити од разни приватни лица со висока каматна сапка.

Меѓутоа како резултат на колонијалниот режим во Вардарска Македонија и нејзината безобзирна експлоатација, прилепското стопанство меѓу двете светски војни доживеало целосно осиромашување и пропаѓање.[69]

---

[66] Ристо Христов, Селото во вардарскиот дел од Македонија меѓу двете светски војни, Скопје, 1993, 23-29.

[67] Исто, 23

[68] Исто, 25- 26

Поради овие тешки услови за зивот,се појавила и експоатацијата на аргатите како во Прилеп така и во прилепскиот регион.

Аргатите биле слој од градско и селско население кои останале без земја, и опстојувале изнајмувајќи ја својата работна сила кај побарувачите на работна сила. Меѓу нив имало и послој, кој располагал со земја или некаков друг имот, па со аргатувањето и изнајмувањето на својата работна сила кај поимотните ги дополнувале своите потреби за живот.

Според податоците во Прилеп имало околу 2 867 аргати, кои се изнајмувале на разни работи.

Со оглед на тоа што фкупниот годишен фонд на ангажирани работни денови на населението во Прилеп и Прилепско изнесувал од 160 – 180 работни денови, аргатите во Прилепско биле ангажирани најмогу 150 работни денови во годината. Ваквиот мал степен на потребно работно време очигледно дека не е доволен да обезбеди задоволителна егзистенција на аргатите[70].

Дневницата на аргатите се движела главно околу дневницата на монопоските работници, но зависело и на какви работи дневно ке бидат ангажирани. Така нивните дневници во 1926 година просечно дневно изнесувале околу 10,84 динари[71].

Ако претпоставиме дека семејството на аргатинот просечно брои 5 членови, колку што изнесувал бројот на просечното прилепско семејство и ако освен главата на семејството не работи никој друг, може да заклучиме дека материјалната положба на аргатите и на нивните семејства била многу тешка.

Во форми на експлоатација на населението покрај цените, инаемнината спаѓале кредитите како и даноците, овие луѓе кои биле принудени да бараат заем, биле принудени да плаќаат висока цена за кредитот – камати, што мошне тешко го исплаќале кредитот.

---

[69] Исто, 27

[70] Истото,30

[71] Истото,32

Како што напомнав и предходно кредит давале главно: сарафите, лихварите, банките, црквите и манастирите. Имало чести судски процеси и судски наплати на кредитот како и на даноците.

Во Кралството на СХС се плаќале повеќе видови на даноци: земјарина, куќарина, општински данок, рента и други. Според пресметката на фкупните одземања што ги правело Кралството на СХС дирекно и преку Монополот, во Прилепско стапката на експлоатација на населението во 1924 година изнесувала 305,7 %. Ваквата стапка на зафаќање на населението во Прилепско меѓу двете светски војни од страна на државата, всушност го определувала и нејзиното место и улога во односи на населението во Македонија, а и на Македонија во однос на неа.

Тешката економско – социјална положба на трудбеничките општествени слоеви во Вардарска Македонија а со тоа и во Прилеп и Прилепско, во периодот меѓу двете светски војни произлегувала од специфичното место што овој дел на Македонија го имал во составот на Кралството на СХС.

Во политички поглед Вардарска Македонија претставувала подрачје на засилена асимилаторска и денационализаторска политика од страна на големосрпската хегемонистичка буржоазија, а во економски - аграрен додаток на поразвиените подрачја. Заради тоа нејзиниот стопански развиток бил успорен. Земјоделството било екстензивно, индустријата неразвиена, а занаетчиството на издишување. Вардарска Македонија била стопански неразвиена и влегувала во редот на т.н. пасивни краишта. Општата стопанска неразвиеност се јавувала како основен фактор и за тешката положба на работните слоеви.

Особено тешка била положбата на трудбениците во годините непосредно по завршувањето на војната. Несредените прилики ги притискале сите општествени слоеви, но најсилно го погодиле работништвото. Воените опустошувања недостигот на суровини и на капитал, сообраќајните тешкотии и сл., го поречувале обновувањето на производството, особено на индустриското. Ова довело до зголемување на невработеноста. Без работа останале особено голем број фабрички работници. Поради бавното обновување на стопанската активност, отворањето на нови работни места одело бавно.

### 2.2 Просветната политика на Кралството СХС во Прилеп и Прилепско

Просветната политика на Кралството СХС била само одраз и средство на големосрпскиот режим за денационализација и асимилацина на македонскиот народ. Во училиштата и администрацијата бил воведен српскохрватскиот јазик, при што било забрането да се зборува и пишува на македонски јазик.

Во учебниците по историја не била застапена историјата на македонската јазик. Било забрането печатењето на книги и издавање на весници на македонски јазик. Македонските имиња и презимиња на граѓаните и учениците биле променети во духот на асимилаторската политика.

Во Прилеп и Прилепско биле доведени учители, професори, судии, чиновници, дури и свештеници од другите делови на земјата[72]. Некои од чиновниците недоволно биле подготвени за извршување на својата работа.

Во државата биле примени чиновници за работа само оние луѓе кои биле "заслужни" за српството од порано. Имено Македонија во историски и географски поглед било забрането да се споменува. Македонија се нарекувала Јужна Србија, а Македонците Јужносрбијанци.

Ваквата политика на големосрпскиот режим се чуствувала и била присутна и во Прилеп и Прилепско.

Работата на училиштата нивната програма и задачи биле насочени кон асимилирање на населението. Малобројните училишта биле главни и духовни центри за денационализацијата.

[72] Д-р Марија Јовановиќ, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија 1918-1929, Скопје, 1983, стр. 339 и 341.

Во Прилеп и Прилепско имало голема неписменост особено во селата, во 1919 година само во градот биле регистрирани 3 906 неписмени од сите возрасти , меѓутоа стварниот број бил поголем.

Иако бил донесен закон за четиригодишно образование голем број граѓани, млади луѓе и деца останале неписмени за цело време на постоењето на Кралството на СХС.

Според статистичките податоци од пописот кој бил извршен врз населението, во Прилеп и Прилепско 54 480 жители биле неписмени и тоа од 11 – 19 годишна воздраст 39, 8 % од 20 – 39, 56 %, од 40 – 59 годишна воздраст 73, 2 %, и од 60 и повеќе години 86, 6 %. Според тоа неписменоста изнесувала во просек 30 – 40 % кај населението од сите возрасти.

Во 109 села од Прилепската околија во периодот од 1918 година во селата биле подигнати само 22 училишни згради и тоа со помош на селаните , а во периодот на дваесет и тигодишното владеење на режимот во градот биле подигнати само две училишни згради за основни училишта, една во центарот на градот и една помала во Варошко маало, и зградата за Учителска школа.

Во останатите села, како и во градот наставата се изведувала во стари дотраени згради кои биле подигнати уште во турско време, во приватни згради, во црковни простории, во нехигиенски училишта, кои биле склони на паѓање, без доволно училишен намештај, без библиотски идруги училишни потреби.

Според статистичките податоци на училишниот инспекторат од учебната 1922/23 од 38 училишни згради со 79 училници, 4 згради биле приватни, 31 зграда не одговарале на намената , а од 79 училници, 63 биле нехигиенски[73].

Во првата година по војната во Прилеп и Прилепско имало само 5 училишта, со 10 оделенија, 10 учители и 524 ученици. Подоцна биле отворени повеќе училишта во градот и селата. За народностите Турци и Албанци како и за Ромите немало посебни училишта.

[73] Д-р Владимир Картов, Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, III,Прилеп, 1988, стр.66-70

Во Прилеп живееле околу 3 500 Турци. Децата на Турците како и на Албанците и Ромите се сколувале заедно со Македончињата и за нив наставата се изведувала на српсохрватски јазик. Меѓутоа верската настава на турските деца се изведувала на турски јазик од страна на оџите[74].

Иако законот за образование кој бил донесен 1929 година предвидувал постоење и на виши народни училишта, во Прилеп и Прилепско такви училишта небиле формирани.

Еден дел од учителите биле малтретирани со постојано преместување, казнување, отпуштање од служба, пензионирање, поради учество во политичкиот живот, поради припадност кон напредното работничко движење, политички игри, интриги, замерување со училишниот инспектор, со околискиот началник, со пратеникот и тн. Всушност околиските началници ја контролирале работата и на учителите затоа што ним им бил потчинет околискиот инспектор.

Во учебната 1918/1919 година во Прилеп започнала со работа гимназијата, во наредните две учебни години работела како четирикласна мешана гимназија. Потоа во учебната 1920/21 година станала шестокласна а во 1922/23 станала полна гимназија со осум класа.

Гимназијата била сместена во стара двокатна зграда изградена во турско време во 1894 година. Наставата во гимназијата во сите осум класа неизменето се одвивала се до 1929 година. Бројот на учениците бил мал.

Во последната учебна година 1928/29 до кога работела како полна гимназија со осум класа имало многу малку ученици. Тогаш матурирале само сест матуранти, додека пак во прва година се запишале 40 ученици[75].Бројот на редовни професори што предавале во гимназијата бил многу мал.

Покрај редовната настава, која била средство на политиката на режимот, за воспитување на младината во духот на негирање на постоењето на македонскиот народ и неговата историја и култура, се образувале во гимназијата и други облици на работа со учениците за нивно превоспитување.

[74] Истото,70 - 72

[75] Прилеп и Прилепско низ историјата, Книга втора, Прилеп, 1972, стр.94 - 96

Во 1921 година започнала со работа литературната дружина "Доситеј Обрадовиќ" во која македонската интелегенција што се создавала во гимназијата почнала почнала да ги манифестира своите културни и политички погледи.

Всушност интелегенцијата претставувала пречка за остварување на големосрпската денационализаторска политика во Прилеп, па поради тоа била изложена на притисоци на режимот. Така на пример мистериозното убиство на ученикот Благоја Балабанов од 6 клас во 1922 година било искористено од полицијата за затворање на 26 ученици од повисоките класови од кои петмина биле осудени на робија.

Со цел да биде создаден расадник на учителски кадри во "Јужна Србија", кои ќе се фпрегнат во денационализирањето на Македонскиот народ, во учебната 1924/25 година во Прилеп била отворена Учителска школа која била втора по Скопската[76]. Школата започнала да работи со први клас, а постепено секоја година се отварало по еден погорен клас. Во првата учебна година во први клас учеле 45 ученици.

Училиштето било организирано на интернатска основа. Во ова средно училиште се школувале ученици од Прилеп и околијата, а поголем дел биле и од другите делови на државата.

Во прво време Учителската школа немала своја зграда. Наставата се изведувала во приватна зграда, а потоа во едно старо турско училиште.

Новата еднокатна зграда за Учителска школа била изградена во 1926 година. Таа била трета училишна зграда која била подигната во Прилеп за време на Кралството на СХС.

Во учебната 1926/27 година учителската школа станала четирикласна, колку што траело школувањето за учителите. Тогаш просторните услови за работа биле подобри во Учителската школа отколку во гимназијата, иако во ова училиште

[76] Првиот клас на Учителска школа во Прилеп била отворена во учебната 1922/23 година, а од учебната 1925/26 година постанува потполна четиригодишна школа.

Трговското училиште во Скопје прераснало во четиригодишно средно училиште во учебната 1925/26, а од 1928/29 година во ист ранг прераснало и битолското.

немало современа опрема. Наставата ја изведувале само три редовни професори и неколку хонорарни од гимназијата[77].

По војната наставните кадри во средните училишта долго време биле недоволно квалификувани. Во тој период предавале хонорарни наставници, апсловенти, емигранти од Русија и рд. Неквалификувани наставни кадри во првите години биле до 55 %, во учебната 1923/24 година 48 %, а во учебната 1928/29 година до 39 %. Во средните училишта се работело без наставни средства, без учебници и други потреби.

Кога големосрпската владеачка буржоазија се уверила дека процесот на асимилација не оди така брзо, како што било замислено. Се започнало со укинување на гимназиите и другите средни училишта.

По воведувањето на шестојануарската диктатура во земјата во 1929 година, покрај другите во Македонија, била укината и вишата гимназија во Прилеп и Учителската школа.

Со тоа било оневозможено натамошно школување на младината во Прилеп од редовите на работниците и селаните. Само синовите на побогатите граѓани и на високите чиновници можеле да се школуваат во Битола, Скопје и други поголеми градови каде што имало гимназии. Со укинувањето на вишите класови во гимназијата постоело опасност Прилеп да остане без своја школска интелегенција.

Стопанската криза што сеусте владеела во целата земја, била втората причина, поради која малку младинци можеле да се школуваат. Многу малку млади луѓе имале матриални можности да студираат на виши школи и факултети.

Студирањето без стипендии било привилегија на мал број побогати граѓани, или пак се студирало во крајно тешки услови. Бројот на студентите во годините на криза бил многу мал, најголемиот дел од децата што завршиле основно училиште, од 7 – 11 годишна возраст посебно од селата, се определувале за земјоделство при што останувале на село, бидејќи структурата на стопанството во градот многу бавно се менувала.

[77] Прилеп и Прилепско низ историјата, Книга втора, Прилеп, 1972,стр.77 -79

Децата од градот оделе на занаети или пак станувале општи работници, а во Прилеп и околијата, во најголем дел се занимавале со тутунопроизводство дури и до 90 %[78].

Покрај другите училишта во Прилеп било отворено и занаетчиско – трговско училиште, кое претставувало стручно продолжено училиште. Тоа започнало со работа од учебната 1920/21 година, школувањето во ова училите траело три години. Во него по завршувањето на основното училиште учеле калфите и чираците со занаетчиско – трговско занимање. Ова училиште немало своја зграда, работело во зграда на едно основно училиште.

Во програмата на ова училиште биле застапени образовни истручни предмети. Без завршено стручно занаетчиско продолжено училиште не можело да се полага калфински или мајсторски испит. Наставата во ова училиште ја изведувале постојани или хонорарни наставници и професори од гимназијата. Годишно во него имало околу 10 парарелки во просек со по 30 – 40 ученици или околу 300 – 400 ученици.

По завршувањето на основното училиште за женската младина постоело Женско занаетчиско училиште[79]. Тоа било основано уште во турско време и продолжило да работи по Првата светска војна. Главни предмети биле кроење и шиење и некои општообразовни предмети, српскохрватски, историја, географија и слично. Наставата во ова училиште ја изведувале 3 – 4 стручни учители.

Во првите години било едногодишно потоа станало двегодишно и најпосле петогодишно, а се запишувале ученици со завршено 4 одделение основно училиште. Откако станало петогодишно, двете учебни години биле приправни, двете наредни стручни, а петтата година ателје. Наставата била организирана со практичен и теоретски дел. Бројот на ученичките во учебната 1919/20 година изнесувал 27 со 4 учители за стручна настава.

Идеолошката ориентација на младите се спроведувала низ нај развиени форми на културно – просветни активности, при што училиштата отсекогаш

[78] Истото, 82 - 83

[79] Нижи трговски училишта, односно училиштата за трговски помошници работеле во Скопје, Битола, Куманово, Штип, Велес и Охрид. Извесно време нижи земјоделски училишта работеле во Битола и Скопје, односно Тетово.

претставувале најефихасна и најцелисходна општествена институција за постигнување на таа цел. На овој план такви напори правело и буржоаското општество на Кралството на СХС.

И во него училиштата претставувале најсилно средство за идеологизацијата на младите, во согласност со класните интереси на владејачките кругови и однив наметнатиот политички режим[80].

Со оглед дека владеачките кругови на Кралствот СХС ја сочинувале кралската династија и големосрпската буржоазија во повремено сојузирање со извесни кругови на другите буржоаски кругови во Кралството на СХС, тогаш и идејно – политичката улога на училиштата била ориентирана кон остварување на хегемонијата на големосрпската буржоазија, односно кон ликвидирање на националните посебности на народите на Кралствота за да можела истите да ги стави под своја власт.

Училиштата во Македонија покрај тоа што требало да остваруваат општопросветни и класно – буржоаски цели, требало да одиграат и една од најзначајните улоги во општата денационализаторска политика на македонскиот народ. Имено, тие требало да станат најважни средишта во денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ односно во неговото национално – културно отуѓување, односно посрбување. Тоа било всушност основната и најзначајната спечифична улога на училиштата во Македонија.

Денационализаторската улога на училиштата во Македонија доаѓала до израз пред се низ тогашните применувани општи училишни нормативни акти. Така на пример, во член 1 од Законот за народни училишта стои: "Задачите на народните училишта се да ги воспитуваат децата во народниот дух и да ги подготвуваат за граѓанскиот живот, а особено да ја шират просветата и српската писменост".

Јавно се забранувало негувањето на македонскиот јазик што претставувал еден од белезите на македоската национална индивидуалност.

[80] Д-р Лазар Соколов, Материјали за интелегенцијата во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, ИНИ, Скопје, ракопис.

Со наметнувањето на српскиот јазик во училиштата во Македонија се создавале и услови за ширење на српската национална свест кај младото македонско поколение.

Денационализаторската улога на основните училишта и гимназиите во Македонија, била особено изразена во многубројните документи на разни управи, просветни и воени органи кои непосредно дејствувале во Македонија и ги испраќале до министерството за просвета и внатрешните работи на Кралството на СХС.

Владеачките кругови на Кралството на СХС настојувале видливо да ја манифестираат својата денационализаторска тенденција и при отварањето и ширењето на училишната мрежа на нижите стручни училишта, а особено при формирањето и дејноста на женските занаетчиски училишта. Таквата нивна улога најексплицитно ја ја изразил инспекторот на Битолската просветна област, во чиј состав била и Прилепската просветна околија во едно свое писмо до Министерството за просвета, а во врска со организирањето и работењето на женските занаетчиски училишта.

Откако било консатирано дека женското население во Македонија било погодно за привлекување во училиштата отколку машкото, пишува дека женскитезанаетчиски училишта ќе бидат оние институции кои единствено ќе го прифатат младото женско поколение, преку кои ќе се создадело прилика да може успешно да се влиае на националниот препород на новите поколенија, ккао во поглед на чистотата на јазикот така и во поглед на чистотата на националната свест и чувства[81].

Оваа "национална" улога на просветната политика на владејачките режими на Кралството на СХС спрема македонскиот народ се манифестирал преку разни форми, методи и средства, таа доаѓала до израз преку: водење специфична политика во поставувањето и разместувањето на наставниот кадар во училиштата во Македонија, давање специфична улога за наставникот во изведување на наставниот процес, посебно во изведување на наставата по таканаречената

[81] Исто, стр. 12, 18

национална група предмети и наметнување специфични задачи на наставниот кадар во воинаставата и вонучилишната дејност[82].

За време на целиот период меѓу двете светски војни, големосрпските владеачки кругови преку Министерството за просвета, а во согласност со Главниот просветен совет, прокламирале и спроведувале специфична политика на поставување и разместување на наставниот кадар во училиштата во "Јужна Србија"[83].

Покрај општите критериуми што биле потребни при поставувавањето и тазместувањето на наставниот кадар за во училиштата за целото теретодијално подрачје на Кралството на СХС, соодветни школски квалификации, неприпаѓање на комунистичкото движење и друго[84].

Специфичните одлики, што се барале за просветниот персонал во Македонија, дошле до израз уште при поставувањето на носителите и организаторите на денационализаторскат просветна дејност – инспекторите и околиските надзорници. За нивното поставување, за време на целиот период меѓу двете светси војни, се барале, покрај имањето организаторски способности и високошколска подготовка да бидат познати проверени борци на "национален план". Пред се, тие требало да имаат подолг стаж на просветно – мисионерска работа во "новоослободителните краишта".

Имено, тие требало да бидат проверени личности кои повеќе години работеле во интерес на ширењето на српската "национална" кауза во "Јужна Србија" односно уште во времето на турското ропство во Македонија.

Слични квалитети се барале и при поставувањето на управителите на основните училишта, односно директорите на нижите и полните гимназии[85].

Извесни специфични особини се барале и при поставувањето на целокупниот наставен персонал, како за основните така и за средните училишта.

[82] Исто, стр. 35
[83] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни, книга трета, 1988, стр. 74-75.
[84] Исто, стр.79.
[85] Прилеп и Прилепско низ историјата, книга втора, Прилеп, 1972, стр. 93-95.

И тоа не само за оние кои предавале т.н. национална група предмети, него и за оние од другите групи предмети – природно – математичките предмети и умеења. Имено, за да можат училиштата да ја вршат поставената "национална" мисија, ставот на Министерството за просветата бил за тоа во "новоослободените" краеви да се поставуваат за учители, наставници и професори, оние лица кои се "исправни", односно оние кои ќе можат да ја вршат најуспешно улогата на националистички пропагатор и асимилатор на младото македонско поколение.

Такви биле најдени, пред се, во лицето на оние кои во Македонија учителствувале во српските училишта за време на турското – османлиското ропство, но бидејќи тие биле малку во однос на вистинските потреби, се побарале такви и од "старите предели" како што се нарекувала Србија.

Долго време во периодот меѓу двете светски војни за учители во Македонија се назначувале и лица кои имале завршено само гимназија[86].

Споменатава политика на преместување на учителите и професорите од Македонија во Србија само поради тоа што биле школувани во егзархиските училишта и поради тоа што зборувале на мајчиниот македонски јазик, односно не го владееле добро српскиот книжевен јазик, се применувала во Прилеп и Прилепско за време на целиот период меѓу двете светски војни. Така уште во мај 1920 година по барање на околискиот училишен надзорник од Прилеп, а по налог на просветниот инспетор на Битолската област, Министерството за просветата на Кралството СХС, преместило 5 учители од прилепските села за Србија[87].

Тоа биле Ѓорѓе Јовановиќ, учител во с. Лагово, Ѓорѓе Антоновиќ, учител во с. Веприани, Ангелко Петровиќ учител во с. Канатларци и Никола Тасиќ учител во с. Секирци. Сите тие биле преместени "во интерес на совладувањето на нашиот книжевен јазик и за добивање навики за правилно изразување и говор". Слична акција, но со поширок размер била направена и во 1923 година. Во 1927 годинаод Прилепската гимназија биле преместени 6 професори во други гимназии во Србија[88].

---

[86] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни, книга трета, 1988, стр. 79.
[87] Историски архив – Прилеп, фонд "Околиско учителско друштво - Прилеп"
[88] Исто,

Во училиштата во Македонија се настојувало од страна на владеачките кругови да се поставуваат "национално – исправни лица" несамо поради нивната денационализаторса мисија туку поради остварување одредени државни и стратегиски цели на Кралството на СХС.

Имено, големосрпските владеачки кругови ја сметале Македонија за една област која не само што "национално"сеуште небила придобиена кон српската кауза, туку небила сигурна воопшто за власта, а со тоа, се разбира, и за опстанокот на буржоаскиот општествено – политички систем па поради тоа често применувале и разни терористички методи[89].

Со цел да можел наставниот кадар во Македонија да ги исполнувал поставените задачи на овој план, највисоките органи на власта биле принудени почесто да испраќаат циркуларни писма[90].

Така на 27. 12. 1927 година. Министерот за просвета Коста Кумануди испратил распис до високите жупани во Скопската, Битолската, Брегалничката и Приштинската област, до обласните и околиските училишни надзорници, потоа до управите на училишние школи во Прилеп и Скопје, директорите на ниите и полните гимназии во "Јужна Србија" и до началниците на отсеците за основна и средна настава при одделенијата за просвета на областите во кое покрај другото се вели и ова:

"Во воспитанието на нашиот народен подмладок во Јужна Србија не смее никогаш да се изгуби од предвид дека наставниот персонал е должен да работи во училиштата на подготвување и формирање нови генерации и да ги оспособи во новата држава да имаат онаква улога каква Јужна Србија во своето минато, и по поднесените жртви и по својата вредност во целосна мера го заслужила.

Со објективна и правична, а умерена примена на законите спрема секој во својата службена работа во училиштето, тој треба да докаже дека е навистина спроведувач на државната политика и носител на државната мисла и како таков најважен пионер на една виша народна култура "[91].

---

[89] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни, книга трета, 1988, стр. 80-81.
[90] Исто 83
[91] Прилеп и Прилепско низ историјата, книга втора, Прилеп, 1972, стр. 83.

Владејачките кругови на Кралството на СХС настојувале и преку специјална селекциона политика да подготвуваат за училиштата во Македонија таков учителски подмладок кој кога ќе стапи на учителска служба би требало да има веќе развиена "српска" национална свест и чувство.

Заради тоа тие настојувале во двете учителски школи во Македонија да запишуваат ученици во прв ред од оние села и семејства во кои се чувала "српската национална традуција" уште од турско време.

Во основните училишта во Македонија, како и подрачјето на Србија, се до учебната 1926/27 година, важеле оние наставни планови и програми, што важеле во Кралството на СХС уште пред алканските војни, со мали дополнувања и измени од 1919 до 1920 година.

Историјата како предмет се изучувала во III и IV одделение со 2 односно 3 часа. Во III одделение се изучувале позначањи историски настани од историјата на "српскиот" народ во околината каде што раотело училиштето и тоа главно преку слики и приказни, а во IV одделение веќе се јавувале извесни методско – историски единки, започнувајќи од Словените па се до доаѓањето на кралот Александар на кралскиот престол на СХС. И во двете одделенија тежиштето било дадено на политичката и малку на културната историја на српскиот народ[92].

Денационализаторската мисија на наставниот кадар треало да доаѓа до израс и во вонучилишната дејност. Тоа главно требало да се манифестира преку активноста на просветните раотници на планот на општо – народно просветување на населението.За неа се залагало не само Министерството за просвета, туку и Министерството за внатрешни работи, па дури и самата влада. Тие често упатувале разни упатства за тоа како да работат просветните работници на тој план во "Јужна Србија".

---

[92] Исто,

## 2.3 Црковната политика во Прилеп и Прилепско на властите на Кралството СХС

Веднаш по воспоставувањето на јуриздикцијата во Македонските епархии во вардарскиот дел на Македонија, српската православна црква шесте македонски епархии ги свела на четири: Скопската митрополија и Охридска, Битолска и Злетовско – струмичка епископија. Градот Прилеп со околијата влегува во Битолско – охридската епархија. Оваа положба го натерало Кралството на СХС да преземе дипломатски чекори пред фанариотската црква, за приклучување на македонските епархии и одделни делови на парохии кон Српската православна црква.

Со воспоставувањето на јуриздикцијата над македонските цркви, Српската православна црква извршила нова реорганизација над македонските црковно – административни тела. Така место Скопската, Велешко – дебарската, Пелагониската (Битолската), Преспанско – охридската, Злетовско – струмичката и дел од Полјанската (Дојранско – кукушката) и Воденската епархија, биле создадени нови црковни институции: Скопската митрополија и Охридската, Битолската и Злетовско – струмичката епархија. Во подоцнежниот период по иницијатива на битолскиот владика Николај Велимировиќ, а со цел целосно да се уништи спомнот и името на некогашната автокефална Охридска архиепископија, била укината Охридската епархија, која била приклучена кон Битолската епархија.[93]

На чело на споменатите нови црковни институции во Македонија биле поставувани српски архијереи и јереи, кои во најголем број случаи биле доведувани од Србија, Црна Гора и од Босна и Херцеговина. Македонското свештенство,

[93] Јован Беличовски, историските основи за автокефалноста на Македонската православна црква, "Студентски збор" – Скопје 1985, 137.

особено оние кои во минатото биле егзархиски и патријаршиски службеници останувале без црковна служба и егзистенција, по што биле принудени да се иселуваат од својата земја. Еден дел од домашното свештенство било примено на служба во црквите, откако претходно се ставило на страна на Српската православна црква или ја искажало својата лојалност кон неа.

Сите оние свештеници и претставници на црковно – училишните општини кои што не и удоволувале на големосрпската политика на Српската православна црква добивале отказ.

Некои од нив и физички биле малтретирани или ставани под црковен суд и осудувани.

По обновување на Српската православна црква, уште во 1920 година во Битола била отворена православна богословија.

Целта на училиштето било да се воспитуваат македонските свештенички кадри во големосрпски религиозно – национален дух, да се всадува свесно и систематски кај нив српска национална свест и припадност.

На таков начин најлесно би се спроведувала хегемонистичката и денационализаторската дејност на Српската православна патријаршија. Во спроведувањето на својата големосрпска политика во Македонија претставниците на Српската православна црква не се откажувале и од пренесувањето во Србија на дел од културно – духовната заоставштина во некои македонски цркви и манастири, "подарувањето" на стари ракописи, публикации и богословни книги на Белградската библиотека и друго.[94]

Прилеп и Прилепско во црковно – административен и територијален поглед го сочинувало Прилепското архијерејското намесништво, кое се наоѓало под јуриздикција на Битолската епархија, во овој период како архиерејски намесник се споменува Дамјан Пеливановиќ а потоа Павле Наумовиќ[95].

Под диецезата на намесништвото се наоѓале над 30 парохии, од кои десетина биле основани во Прилеп. Меѓу нив поважни биле: Парохијата при централната

[94] Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1972, 101 – 108.
[95] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, III, Прилеп, 1988, стр.385 - 389

градска црква "Свети Благовештение", на чело со парохот Крсте Горгевиќ, Парохијата со седиште при црквата "Св. Кирил и Методиј" која била управувана во прво време од Јован Грдановиќ, Парохијата при црквата "Св. Димитрија" на чело со парохот Јован Смичковиќ, Парохијата при манастирот "Св. Архангел" во Варош, која парохија ја сочинувале и капелите "Св. Петар и Павле", "Св. Вознесение", "Св. Никола" и други. Во последната парохија во 1926 година како старешина се споменува свештеникот Методија Ристиќ[96].

Покрај овие свештени лица како свештеници на прилепските парохии се споменуваат уште и: парох Петар Поповиќ, парох Григорија П. Антиќ, парох Константин Стефановиќ, парох Ѓорѓе Дашиќ и други[97].

Во прилепските села биле основани повеќе од 20 парохии, од кои поважни биле следниве:

1.Парохијата со седиште во Беловодица, при месната црква "Св. Никола". Во прво време оваа парохија била управувана од свештеникот Пане Мицевиќ. Кон оваа парохија гравитирало и населението во селото Свети Тројца, кое духовно – брачните потреби ги регулирале при месната црква "Св. Ѓорѓи".

2.Парохијата во селото Вранче при месната црква "Св. Никола" била управувана од попот Андон Талевиќ. Под диецезата на оваа парохија се наоѓало и населението во село Заполжани.

3.Витолишката парохија во Мариово при месната црква "Св. Илија" ја управувал парохот Илија Сталевиќ, свештеник од познатото мариовско семејство Сталеви – Поповски.

4.Следната парохија била во селото Дреновци. Тука парохијален храм бил организиран во месната црква "Св. Тројца" на чело со свештеникот Ангелко Здравковиќ.

[96] Во оваа прилика се посочува – територијалната поделеност на Намесништвото и се споменуваат само оние старешини на парохиите кои таа должност ја извршувале во почетокот на конституирањето на тоа црковно тело под јуриздикција на Српската православна црква. Разбирливо е дека по смртта или сменувањето на одделни парохиски старешини, на нивно место црковните власти на СПЦ поставувале други свештеници.

[97] Историски архив – Битола, Досие на фондот: Епархијалан духован суд у Битољу 1900 – 1941, 10 – 12.

5.Долненската парохија со седиште во црквата "Св. Вознесение" била управувана од свештеникот Константин Крстиќ кон оваа парохија гравитирало населението при црквата "Св. Богородица" село Мажучиште и "Св. Атанасие" во село Сенокос[98].

6.Кон парохијата во село Дуње во Мариово при црквата "Св. Димитрија" била приклучена и црквата "Св. Атанасие" во селото Вепрчани. Оваа парохија во ппрво време ја управувал парохот Стојан Марковиќ.

7.Постоела парохијата Живово во црквата "Св. Петка". Во составот на оваа парохија се наоѓале и жителите во селото Врпско при месната црква "Св. Архангел".

8.Коњарската парохија била составена од верниците при црквите "Св. Тројца" во село Мало Коњари, "Св. Богородица" во село Големо Коњари, и "Св. Богородица" во село Кадино Село. Оваа парохија му била доверена на свештеникот Велјан Цветковиќ.

9.Во село Орле при црквата "Св. Вознесение" и црквата "Св. Атанасие" во село Присад била организирана парохија.

10.Во село Небрегово и во село Бело Поле во месните цркви "Св. Никола" и "Св. Богородица" егзистирала исто така организирана парохија.

11.И во Новоселани во месната црква "Св. Ѓорѓи" била основана одделна парохија.

12.Во Никодин при црквата "Св. Атанасија" исто така постоела парохија.

13.Следната парохија била организирана во селото Приленец со седиштe во манастирот "Св. Богородица" кон оваа парохија гравитирале и жителите во селото Мало Рувци при црквата "Св. Вознесение".

14.Плетварската парохија при црквата "Св. Кузман и Дамјан" се протегала и во селото Оресовец и Крстец со црквите "Св. Димитрија" и "Св. Никола".

15.Пештанската парохија ја сочинувале црквите "Св. Ѓорѓи" во село Пештани, "Св. Архангел" во село Кокре и "Св. Вознесение" во село Кален.

[98] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, III, Прилеп, 1988, стр.383 - 385

16.Полчишка парохија била организирана од жителите на селата Полчиште и Манастирец, Мариовско. Таму постоеле црквите "Св. Вознесение" и "Свето успение на Богородица". Оваа парохија била управувана од 1922 година од свештеникот Стефан Биновиќ.

17.Парохијата Секирци ја сочинувале црквите "Св. Атанасие" и "Св. Никола" двете со селото Секирци и "Св. Тројца" во селото Рилево. Старешина на оваа парохија бил попот Стојан Петровиќ.

18.Парохијата Стовија. Покрај Стровија тука гравитирале селата Гостиражни и Костинци. Во оваа парохија верските и брачно наследните и брако разведните потреби биле регулирани во црквата "Св. Илија" во Стровија, "Св. Атанасија" во Гостиражни и "Св. Богородица" во село Костинци.

19.Тополчанската парохија била организирана во селата Тополчани, Тројкрсти, Загорани и Веселчани. Таму постоеле црквите "Св. Вознесение" во Тополчани, "Св. Тројца" во Тројкрсти, "Св. Никола" во Загорани и "Св. Илија" во Веселчани. Оваа парохија ја управувал свештеникот Никола Униевиќ.

20.Парохијата Топлица. Кон оваа парохија гравитирале црквата "Св. Никола" во Топлица и црквата "Св. Димитрија" во село Царевиќ.

21.Црквата "Св. Димитрија" во селото Ракле од 1922 година ја управувал парохот Атанас Илиќ[99].

Како насекаде во вардарскиот дел на Македонија, така и во Прилеп и Прилепско, покрај верската улога во Српската православна црква вршела и национално – денационализаторска дејност.

Во желбата за зацврстување на големосрпската хегемонија во Кралството СХС, српските буржоаски кругови на Српската православна црква и придавале големо значење, зашто црквата ја помагала денационализаторската и асимилаторската политика на државата. Во таа смисла црквата била сметана за најсилно средство за "национално освојување" на Македонија[100].

[99] Истото.
[100] Ј. Белчовски, Историски основи..., 137.

За да ја реализираат таквата цел во Битола во 1920 година била основана Богословија за идните македонски свештеници да бидат воспитувани во големосрпски дух.

Тука имале завршено богословско училиште голем број на ученици од македонската духовна интелигенција, кои покасно работеле во Прилеп и околината, па и ширум Македонија, дури и сред македонската емиграција во прекуокеанските земји, како што бил случајот на пример со Цветко Крстески[101], Спиро Попоски и многу други.

На најважните црковни места како владика на епархијата, претседател и членови на Епархискиот духовен суд, архијерејски наместници или старешини на поважните парохии се поставувале Срби или Црно Горци за архијереи и јереи.

Нижото македонско свештенство кое служело како старешини на одделните парохии или како свештеници по црквите и манастирите, не било доволно само да ја "искажат" својата лојалност кон Српската православна црква, но требало да ги модифицираат своите презимиња од македонска во српска основа и комуницираат на српски литературен јазик. Во таа смисла презимето на свештеникот Јован Башески се србизирало во Башевиќ, на Перо Јолески во Јолевиќ[102].

Што се однесува до употребата на српскиот литературен јазик во богослужбата и комуникацијата, тоа било мошне тешко остварливо.

Во секојдневната работа македонските свештеници во Прилеп и Прилепско го употребувале народниот македонски говорен јазик[103]. Во официјалната кореспонденција се правеле напори да се употребува српскиот јазик, макар што имало доста случаи на одделни свештеници што одвај успевале да се потпишат, а камоли писмено да се искажуваат на тој јазик[104].Дури во официјалните акти одделни свештеници, старешини на цркви и парохии, па дури и на црковни управи,

[101] Трагично и предвреме починатиот архиепископ Охридски и Македонски Ангеларији (1911 – 1986) е роден на 25 март 1911 година во село Долнени – Прилепско. Потекнувал од свештенско семејство. Средното богословско училиште го завршил во 1931 година во Битолската богословија.

[102] Историски архив на град Прилеп, Крушево и Македонски Брод, Прилеп, Фонд: Црква "Св. Димитрија" – Марков Град од 30.9. 1922, бр. 22, л. 1 – 2.

[103] Истражување на познатиот прилепски свештеник прота Боро Талески, кој во 1926 година како Борислав Талевиќ бил црковен певец во црквата "Св. Кирил и Методиј" во Прилеп.

[104] Историски архив – Прилеп, Фонд: црква "Св. Димитрија" – Марков Град 1920 – 1922, бр. 2055, л. 1, Битољ 5.4.1922 година.

биле критикувани поради избегнувањето да комуницираат на српски јазик[105]. Епархискиот духовен суд во Битола упатил една друга забелешка до архиерејскиот наместник во Прилеп дека предавањето на верската наука во училиштата не е добро организирано. Во таа смисла, се интервенирало во иднина, на тој предмет да му се обрне соодветно внимание , и да предаваат исклучиво свештениците[106].

Веднаш по воспоставувањето на јуриздикцијата на македонските епархии во вардарскиот дел на Македонија.

Српската православна црква, затечените 6 македонски епархии ги свела најнапред на четири и тоа: Скопска Митрополија и Охридска, Битолска и Злетовско – Струмичка епархија. Подоцна била извршена реорганизација на епархиите при што биле сведени на три: Скопска митрополија, Битолско – Охридска и Злетовско – Струмичка епархија. Охридската епархија била укината по предлог на охридскиот епископ д-р Николај Велимировиќ, се со цел да биде запрен споменот на поранешната Охридска архиепископија. Градот Прилеп со околијата влегувал во Битолско – охридската епархија.

Освен главната функција – религиозно – верската, Српската православна црква имала и националистичка улога во Македонија. Таа била типичен претставник и воедно орудие на буржоаскиот систем во Кралството СХС во остварувањето на големосрпската хегемонија[107]. Таквата улога на Српската православна црква била потенцирана и од државата, исто така била потенцирана и во новиот Устав на СПЦ како и во многуте политички документи, во кои нејзината национално – патриотска улога била изедначувана со улогата на српската просвета во Македонија. Свештениците во Македонија биле третирани истовремено и за "национални работници".

Свештенството во "Јужна Србија" добило задача, не само да создава од Македонците Срби, туку и да учествува во средувањето на политичките прилики, кои биле несигурни за режимот. За ваквата специфична улога и специфичните

[105] Стојан поп Петровиќ парох на парохијата со седиште во Секирци и останатите попови одвај успевале да се потпишат на еден официјален документ, Историски архив Битола, Фонр: Црква "Св. Никола" село Секирци 1921 – 1938, бр. 38, л. 1, Секирци, 31.5.1921 година.
[106] Истото, Фонд: Православна црква "Св. Димитрија" – Марков Град, бр. 85, Прилеп, 2.7 1926 година.
[107] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, Книга трета, Прилеп, 1988, ст. 379 -381.

задачи Српската православна црква заедно со Министерството за внатрешни работи и на верата, морале да прибегнуваат кон назначување доверени лица, во прв ред свештенички кадар од Србија и затечените приврзаници на српската пропаганда во минатото. Од друга страна пак морале да ги отстрануваат свештениците кои во минатото и припаѓале на Бугарската егзархија.

Затоа уште во самиот почеток епархиските архиереи прибегнувале кон изречување на разни казни за тие свештеници.

Во периодот од 1920 до 1924 година само од Зетовското – струмичката епархија биле суспендирани 135 бивши егзархиски свештеници, но не биле поштедени и другите епархии – Скопската, Битолската и Охридската. Ваквите мерки можеле да се применуваат во подрастичните случаи, кога свештениците пружеле отпор на денационализаторската политика на владејачкиот режим, обично тоа било правено преку одземањето на свештеничкиот чин и затворање и судење како приврзаниците на ВМРО[108].

Дел од свештениците биле преместувани и во Србија наводно поради не познавање на српскиот јазик а на нивно место биле доведувани српски свештеници. Светиот архијерејски синод на СПЦ заедо со епархиските архиереи во македонските епархии, а по одобрување на Министерството за внатрешни работи, од 1922 до 1928 година преместиле од Македонија во Србија 81 свештеник.

На нивно место биле доведени српски свештеници, "национално активни", кои добивале поголеми плати, обработлива земја, парохиски домови и сл.

Така сите свештеници, околиски намесници и парохиски свештеници на територијата на "Јужна Србија", покрај редовните надлежности добивале и специјални додатоци: окружните протоереи по 500 динари месечно, околиските намесници 500 динари месечно, парохиските свештеници по 500, а дојдените кои биле од северните краишта по 1000 динари месечно.

Мерките кои биле преземени за заменување на свештениците не одело лесно, и покрај сите обврски кои им биле давани на новодојдените. Затоа се преминало кон отворање на богословско средно училиште кое секогаш не ги оправдувало

[108] Истото, 382

надежите на државата и црковната политика во Македонија. Многумина од свештениците кои биле оженети за Македонки, се вклопувале во македонската средина, дури го прифаќале и македонскиот јазик и култура. Многумина од нив кои биле дел од Битолската богословија со напредните идеи, станувале заштитници на македонскиот народ од денационализацијата и економската експлоатација од страна на буржоазијата.

Денационализаторската политика на Српската православна црква во Македонија нашла свој израз и во другите домени, посебно во наметнувањето на српските имиња при крштевањето на новороденчињата.

Уште во почетокот, црковната власт изработила посебен именик за Македонија и свештениците биле принудени да се придржуваат кон него. Често се случувало кумовите да не го прифаќаат именикот и по долги расправии да го наметнат македонското име, но во книгата на крстените свештеникот да запише сосема друго српско национално име, па така крстеното дете при запишувањето во училиштe првпат слушало дека се вика поинаку од името со кое растело.

Се разбира сето тоа доведувало до непријатни ситуации, бидејќи низ целиот живот човекот носел две имиња, црковно – административно и вистинското[109].

Меѓу другите форми на големосрпската денационализаторска политика во Македонија биле и притисоците на Српската православна црква со воведувањето на типично српски црковни обичаи по повод црковните празници, меѓу кои и домашната слава. Познато е дека овој црковен обичај кај одделните словенски народи носел различни имиња, иако станува збор за домашен покровител – светец. Исто така и при обредот околу сечење на колачот од страна на свештеникот различно се вршел.

По наредба на црковните власти секое домаќинство во Македонија,било должно да ја определи славата наместо дотогашната "служба" или празнувањето на имендел и слично, со тоа што на македонскиот народ им се давало српски белег.

Во таа смисла во 1928 година Министерството за просвета наредило на епархиските архиереи во Македонија, да го задолжи потчинетото свештенство во

[109] Сп. Црква и живот, Скопје, 1932, сл. Дел. Бр. 1 и 2.

спроведувањето на инструкциите во врска со српската "слава", а свештениците од своја страна ги вршеле црковните обреди на српски начин. Меѓутоа ако македонскиот народ немал можност да се спротивстави на обредните форми, ја задржувал македонската суштина на празникот, како и обичаите кои биле неврзани директно со црквата.

Меѓу формите за денационализација и асимилација на македонскиот народ под српска хегемонистичка власт спаѓале, меѓу другото и величањето на српската династија и државните празници.

Свештенството било задолжено по повод таквите празници да служи свечени богослужби во присуство на државните органи, војската, полицијата и други великосрпски претставници, да држи говори за улогата на "Јужна Србија" како српска земја, притоа се инсистирало за задолжителна посета на народот, посебно учениците во црквата. Меѓутоа освен учениците, над кои можело да се применуваат санкции за отсуствувањето, таквите свечености биле бојкотирани од народот во таа мера, што освен службените лица речиси никој друг не земал учество.

## 2.4 Српската колонизација во Прилеп и Прилепско

По завршувањето на Првата светска војна, Србија започнала да спроведува низа мерки на окупираниот дел од Македонија се со цел да го асимилира и денационализира македонското население. Колонизацијата била една од тие мерки, со населувањето на домаќинства од српска националност за што побрзо да ја оствари својата определена цел[110].

Владејачките кругови од југословенските земји во новосоздаденото Кралство СХС, настојувале да ги изедначат аграрно – правните односи на единствената југословенска територија во духот на граѓанските сфаќања и интереси. Владата на Кралството СХС прифатила, на 25 февруари 1919 година, нацрт за аграрна реформа содржана во "Претходните одредби за подготовка на аграрна реформа"[111].

Аграрната реформа започнала да се спроведува во Вардарска Македонија и по пат на колонизација на македонските семејства кои биле доведувани од други краишта на Кралството.

Со оваа специјална мерка во Македонија требало да се создадат услови за денационализација и асимилација на македонскиот народ што имале намера да ја спроведат монархистичките и владејачките кругови [112].

Колонизацијата во Вардарска Македонија имала внатрешен карактер, но едновремено таа претставувала првокласна политичка мерка за однародување и едновремено асимилирање на македонскиот народ во друга народност, во овој случај во српска народност.

---

[110] Д-р. Александар Апостолов, Колонизацијата во Прилеп меѓу двете светски војни,Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни, Книга втора, 1988, ст. 113.
[111] Истото, ст.118.
[112] Д-р.Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Култура, Скопје, 1981, ст. 27.

Најбројната категорија субјекти што се предвидувале во законските прописи за колонизирање во Македонија биле доброволците во српската војска во разните војни.

До крајот на 1929 година, биле колонизирани на територијата на Вардарска Македонија 521 семејство од соседните држави на Кралството СХС.

За објекти на колонизацијата биле определени такви категории земја со чие колонизирање биле засегнати интересите на цели населени места и на поединци за што биле покренати многубројни имотно – правни спорови што траеле со години[113].

Со колонизацијата била оштетена и чивчишката категорија на домашните земјоделци, бидејќи биле должни и натаму да им плаќаат "хак" на агите и беговите, или пак тие, користејќи разни начини, ги продавале чифлизите преку своите полномошници и врз основа на лажни тапии што опстојале им биле издавани во Цариград. При добивањето земја имале предност оние кои биле поблиску до власта, или пак нејзини припадници.

При ограничувањето земја за целите на колонизацијата се немало точен увид за нејзиниот статус. Често комисиите работеле врз основа на извештаите од околиските и окружните началници.

Со ова месното население било оштетувано и затоа доаѓало до појава на општ револт што некаде се изразувало со барање да ја напуштат земјата и да се иселат во странство.

При доделувањето земја на колонизираните семејства, аграрните власти понекогаш не биле во состојба да им ги покажат међите на доделените имоти.

Сето тоа предизвикувало своеволни постапки во некои од новодојдените колонисти спрема имотите на месното население и револт кај вторите.

Јавната безбедност во тоа време во Македонија била несигурна. Таа била предизвикана и од самата власт, како и од пропагандите на соседните држави, непријателски расположени спрема Кралството СХС. Масовно бегање на воени

[113] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, Книга втора, Прилеп, 1988, ст. 135.

обврзници и многубројна политичка емиграција од страв пред неизвесната иднина, сето тоа создало илјадници "одметници од законот"[114].

Комитските акции што започнале од 1920 година, разбојничките и качачките банди, што речиси непречено ограбувале, го убивале и тероризирале месното население, особено во првите години по војната, создале поволна почва и за своеволија, како од страна на некои припадници на власта, така и на некои колонисти сврзани со таа власт. Токму во таква создадена атмосфера започнала кампања на асимилација и денационализација на македонскиот народ. Градската колонизација притоа, играла мошне важна улога. Државната администрација, војската, просветата, разните "хуманитарни" и културни друштва и организации биле ангажирани во таа кампања. На колонистите им била доделена посебна улога во оваа работа[115].

Во настојувањето на асимилацијата, се фалсификувала историјата на македонскиот народ, се изменувале презимињата на луѓето, се давале само од властите определени имиња на новороденчињата, се преименувале имињата на населени места, или пак се давале имиња на новосоздадените колонии кои биле земени од српската историја.

Строго била забранета употребата на македонскиот јазик на јавни места и сл. Сето тоа предизвикувало огорченост кај македонскиот народ спрема новодојдените колонисти и спрема државата воопшто.

Ова го користеле врховистичките чети од Бугарија, кои вршеле атентати на сообраќајници и врз експонирани лица во кампањата, имало дури и масовен колеж врз невините колонисти. Сето тоа одело на чета на добрите односи меѓу месното и колонизираното население[116].

Со ваква создадена атмосфера, буржоаските политички партии, пред се Радикалната и Демократската, шпекулирале со колонизацијата за сметка на своите партиски интереси и била претворена во вистинска афера.

[114] Истото, ст.122.

[115] Д-р. Александар Апостолов, Колонизацијата во Прилеп меѓу двете светски војни,Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни, Книга втора, 1988, ст. 120.

[116] Колежот на колонистите во Кадрифаково – Штипско извршен е од чета на ВМРО, комитска чета на Јован Брло во јануари 1923 година.

Од сето ова страдало и месното население и сиромашните колонисти кои биле прогонувани ако биле во опозиција на владејачката партија.

За спроведувањето на колонизацијата во Вардарска Македонија, бил создаден огромен административно – стручен апарат кој бил организиран во хиерархиски ред. На чело на овој апарат стоело таканареченото ВРХОВНО ДОВЕРИТЕЛСТВО ЗА КОЛОНИЗАЦИЈА НА ЈУЖНА СРБИЈА (како што тогаш официјално ја нарекувале Вардарска Македонија) со седиште на врховниот довереник во Скопје[117].

Како пониски органи на оваа институција биле главните довеpенства[118]. Прилеп и Прилепско припаѓале на главното довеpенство чие што седиште се наоѓало во Битола.

Главните претпоставки од кои тргнувале властите на Кралството СХС на Прилеп и Прилепско биле следниве:

1.Во Прилепско имало повеќе села населени со турско и муслиманско население од кои еден добар дел ја напуштиле Вардарска Македонија по Балканските и по Првата светска војна, или пак настрадале во овие војни, така што некои имоти останале засекогаш напуштени.

2.Селата од рамнинскиот – полскиот дел на Пелагониско имале мошне големи површини кои биле неплодни, тоа било поради честите наводнувања во зимскиот период и поради тоа што не биле култивирани, поради тоа властите на Кралството СХС сакале да ги населат тие површини и преку населениците да може таа земја да се култивира и обработува.

3.Во прилепскиот крај, во текот на Првата светска војна, од бугарската окупаторска власт биле интернирани голем број семејства, а неко дури биле и физички ликвидирани, па по воената власт сакале на некој начин да ги задоволат преживеаните, доделувајќи им земја во непосредна близина на нивните живеалишта.

[117] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, Книга трета, Прилеп, 1988, ст. 135 - 136.
[118] Истото, 144 – 145.

4.Македонското население во Прилеп и Прилепско во минатото било познато по својата револуционерност во борбата за отфрлање на турското ропство, како и против новите господари од Балканот, што се менувале во текот на војните, со цел да се ослободи национално и социјално и од османлиите и од своите "ослободители". Меѓу таквото население требало да се доведат инородни семејства од сите краишта на Кралството СХС и да претставуваат етничка база за претопувањето на македонското население.

Значи, пред се преовладувале стратешки и политички цели што си ги поставила колонизацијата на овој крај[119].

Односот меѓу месното население и колонистите не бил добар. Со фаворизирањето на новодојдените семејства од страна на власта а запоставувањето на македонското население, се создал јаз меѓу нив[120].

Македонскиот народ во целост, бил против таквата колонизација, но што се однесува на односот спрема колонистите, тој сепак умеел да прави разлика меѓу оние колонисти кои биле во допир со власта и имале став на припадници од господаречката нација спрема македонскиот народ, а истовремено биле неработници и обично живееле во градовите, додека пак земјата ја давале под наем, и другиот дел сиромашни колонисти кои што биле дојдени во потрага на "леб".

Првата категорија колонисти обично произлегувала од редовите на четниците, полициските писари, финансиски чиновници, со еден збор "луѓе заслужни за српството", како што самите се нарекувале или како што власта ги квалификувала. Во таа категорија домашниот човек го ставил и целото чиновништво за кое што сметал дека е најлошо, дојден со единствена цел да го ограби.

Со услови на терор страдале и непокорните колонисти, со прогресивни ставови, како и месното население, кое со нив еднакво ја следеле судбината што им ја наложувале ненародните режими.

[119] Д-р. Александар Апостолов, Колонизацијата во Прилеп меѓу двете светски војни,Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни, Книга втора, 1988, ст. 118 - 119.

[120] М-р. Петар Солаковски, Колонизацијата во Битолско и Прилепско 1919 – 1941, Битола, 1992,ст. 66.

Аграрната реформа и колонизацијата на Македонија меѓу двете светски војни се претворила во широка политичка афера, која како таква, станала проблем број еден за народната власт на Кралството СХС, која уште во првите години по оружената борба се зафатила да го реши овој проблем[121].

Односите меѓу македонското население и дојдените колонисти во сите краеви биле прикриени или отворено непријателски. На колонистите насекаде се гледало како на овластено узурпатори на земјата.

Ваквиот однос на месното население сосема е разбирлив, ако се земе предвид дека колонизацијата се вршела пред да ги задоволат барањата во услови кога многу од домашното население немало ни покуќнина, а на колонистите им било доделувано ораници, пасишта и други површини, на кои месното население полагало право на своина која некогаш била потврдена и со тапија.

Со таквото фаворизирање на новодојдените колонистички семејства од страна на властите, а запоставување на месното македонско население се создавал уште поголем јаз меѓу нив[122].

Исто така населението кое се борело против колонизацијата се кренало и против денационализаторската политика која што почнала да се спроведува веднаш по завршувањето на војната. Наоѓајќи се во попривилегирана положба во однос на месното население, колонистите вршеле самоволие од најразличен карактер, како на пример заграбување земја на своите соседи и слично.

Со сета таа настаната ситуација била создадена голема омраза против српската власт, против колонистите[123]. Овие отпори се изразувале преку големи спорови и протести, против одземањето на имотот одредени оштетувања на полските посеви и друг имот на колонистите, палење на одреден имот, недозволување обработка на одземената земја и.тн.

[121] Истото, ст.72 – 74.

[122] Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918 – 1941, Книга трета, Прилеп, 1988, ст. 148 – 149.

[123] М-р. Петар Солаковски, Колонизацијата во Битолско и Прилепско 1919 – 1941, Битола, 1992,ст. 77 – 83.

Отпорот против колонистите доаѓал поради тоа што на едно семејство му се доделувало толку многу земја што можеле да се сместат повеќе семејства на таа земја.

Меѓутоа со доаѓањето во Македонија колонистите се соочиле со новите климатски услови, кои многу се разликувале од краиштата од каде што биле дојдени, пред се тие се сретнале со нерешените основни хигиенски услови кои во нашите села во тоа време здравствената положба била загрозена уште со самото нивно населување.

Најмногу во опасност биле доведени младите кои биле населени. Населените деца тешко можеле да се прилагодат во Македонија, немале доволно ниту исхрана ниту пак можеле да се лечат. Само од маларија годишно боледувале околу 300 000 души[124]. Особено умирале многу деца на населените колонисти.

Новото поднебје, маларијата и другите болести го десеткувале населеничкиот подмладок. Доселеничките деца умирале повеќе од 50 %. Имало и населенички фамилии кои при доселувањето броеле од 10 до 12 членови, а потоа добивале уште по два три члена, додека по неколку години бројот на членовите се намалувал по четири члена.

Лошите станбени прилики на колонистите уште повеќе придонесувале да се шират болестите меѓу колонистите[125]. Тие биле принудени дел од куќите за живеење да одделат за сместување на добитокот.

Поради тоа што колонизацијата се вршела од политички, а не од стопански цели, месното население се спротивставувало на колонизацијата. Најчесто отпорот спрема колонизацијата бил прикриен, но имало појави и на отворен протест кон властите.

Колонистите со недели шетале да ја пронајдат својата парцела по атарите на селата, барајќи ја доделената земја со раширени раце. Месното население не само што не излегувало во пресрет, туку често пати погрешно ги упатувало колонистите на некои неплодни терени со цел да се разочараат, а со тоа да се откажат од

[124] Истото,136.
[125] Истото, 133 – 134.

населувањето[126]. Но и кога ќе се населеле колонистите се јавувале тешкотии, расправии со месното население. При ограничувањето на земјата на колонистите им се давало решенија за подобра земја, а оштетените селани ги упатувале на полошата земја или пак ги упатувале на судски спорови.

Во такви услови оштетеното месно население им правело секојдневни штети на колонистите, го палело житото по нивите, им ги корепеле посадените дрвца, и го спречувале добитокот на колонистите да ги користат заедничките пасишта.

Месното население им давало отпор на колонистите како директно така и преку своите општини и пратеници.

Отпор против колонизацијата организирала исто така и ВМРО (обединета) преку весникот "Македонско дело"[127] што тогаш излегувал во Виена, како и преку летоци постојано се пишувало против населението во Македонија. Пред населението се изнесувала неправедливоста што се вршела во Македонија со тоа што му се одземала земјата од населението и општините за да се вршело колонизирање.

Колонизацијата во Македонија имала многубројни негативни последици како на пр:

1.околу 35.000 ха на површина биле дадени на колонистите. Но оваа површина реално била многу поголема. Заради многубројните материјални тешкотии и природните услови, не можел колонистот да постигне онолку резултати колку што постигнувало домашното население.

Околу 50.000 ха ограничена површина чекала на понатамошно доделување на нови колонисти. Во Битолскиот округ 3.648 ха ограничена површина чекала на понатамошно доделување. Негативно врз земјоделското производство се одразило и заради тоа што месното население за сето време останало без тапии[128].

[126] М-р. Петар Солаковски, Колонизацијата во Битолско и Прилепско 1919 – 1941, Битола, 1992,ст. 124 – 126.
[127] Истото, 135.
[128] М-р. Петар Солаковски, Колонизацијата во Битолско и Прилепско 1919 – 1941, Битола, 1992,ст. 136.

2.Покрај одземената земја и населението било многу деморализирано. Со зафаќањето на селската земја, населението не било заинтересирано за унапредување на земјоделството.

3.Дошло до намалување на сточниот фонд заради тоа што македонскиот селанец бил принуден да се повлече од поблиските пасишта што биле ограничени за колонизацијата.

4.Со притисокот на колонизацијата уште повеќе бил зголемен бројот на печалбарите, но со стопанската криза печалбарите почнале да се враќаат во своите места и повторно ја барале егзистенцијата во земјоделството[129].

Од горенаведеното може да се заклучи дека, во Битолскиот округ со колонизација биле опфатени четирите околии – Битолската, Мариовската, Прилепската и Крушевската.

Најсилно колонизацијата била изразена во Прилепската околија, каде што биле создадени и нови колонии. Спрема применуваната аграрна реформа и колонизација, македонскиот народ давал силен отпор, како директно така и преку своите општини и пратеници.

Посебно треба да се истакне отпорот против колонизацијата во Битолскиот округ. Исто така и ВМРО (обединета) организирала отпор. Единствено Комунистичката партија на Југославија со својот правилен став кон националното прашање на југословенските народи не дозволувала да се разгори шовинизмот меѓу месното население и колонистите.

Меѓутоа големата неправда која му била направена на македонскиот народ со колонизацијата и аграрната реформа во Кралството на СХС била исправена после Втората светска војна.

[129] Истото, 137 – 138.

## 2.5 Административна поделба

Според Уредбата за поделба на земјиштето на 33 области од 22. 6. 1922 година, административниот простор на "Јужна Србија" зафаќал 6 (жупански) области[130].

Косовската област – со седиште во Приштина, била составена од косовскиот округ без Серез, топличкиот, призренскиот и јабланичкиот округ.

Скопската област – имала седиште во Скопје и во нејзин состав биле скопскиот и тетовскиот округ.

Брегалничката област (Штип) бил создаден од брегалничкиот округ, додека Битолската област ги опфаќала: битолскиот, охридскиот и тиквешкиот округ. Под Рашката област (Краљево) потпаднале рашкиот и звечанскиот округ, а во составот на Злетската област влегле меѓу другите и никшички, берански и метохијски округ. Ниту една од 33 – те области не смеела да има повеќе од 800 000 жители[131].

Заради Уредбата дошло до делимично нарушување на постоечката поделба на окрузи, срезови и општини, министерот за внатрешни работи добил овластување со согласност на Министерскиот совет да одреди седиште на секоја административна единица.

Администрацијата и чиновничкиот кадар во "Јужна Србија" биле една од слабите точки на новата држава иако се знаело дека авторитетот на државата секогаш страда ако не е претставена со добар кадар на чиновници[132].

[130] Vladan Jovanovic, Jugoslovenska drzava i juzna Srbija 1918 – 1929, INIS, Beograd, 2002. St.75.
[131] Истото, 78.
[132] Истото, 84.

Според Законот за чиновници и други државни службеници од 1923 година, државните службеници се делеле на: чиновници, званичници и службители. И покрај наведените прописи, чиновништвото во "Јужна Србија" го карактеризирале "балкански менталитет" и корумпираност во секој поглед. Аналогно на оваа слика е стереотипната претстава на Балканот кој бил и останал синоним на несигурност, корупција, неодговорност, лошоуправување, нејасна одговорност.

Според податоците на Бранка П. Кралството на СХС во 1925 година имал околу 280 000 чиновници, додека во три пати демографски послабата територија на Србија имала околу 40 000 државни чиновници. Најголем дел од овие чиновници се воделе како "Јавна служба , слободно занимавање и војска"[133].

Се изнесува дека 98 % во парламентот на централната администрација на Кралството СХС биле Срби, кои и етнички доминирале во полициската служба (60 %) како и во царинската служба (70 %).

Државата декларативно им забранила на чиновниците да се "мешаат во активна партиска политика" и да ја злоупотребуваат својата положба, а посебно во краевите "кои што не се во потполност консолидовани и заштитени од страна на пропагандите, како што е Јужна Србија".

Меѓутоа негативната селекција на чиновниците е "во Македонија пратело она што е најлошо, она што е пратено во борна, затоа што се претпоставувало дека Македонија е колонија каде што никнуваат лири и наполеони, кои се берат во сите годишни времиња и во секоја доба на денот и ноќта"[134].

Спрема зборовите на Михајло Кујунџиќ, во вардарскиот дел на Македонија власта била репрезентирана во жандармерија, затоа што началниците, капетаните и жупаните не доаѓале повеќе во допир со народот. М. Кујунџиќ вели "Таму е подобро да бидеш полицаец него ли министер за внатрешни работи во Белград, таму е подобро да бидеш шумар него ли министер, таму е подобро да бидеш земјоделец него ли министер за земјоделство. Се е таму моќно и богато. Богато е затоа што е моќно и несвесно." Било забележано дека во "Јужна Србија" како

[133] Vladan Jovanovic, Jugoslovenska drzava i juzna Srbija 1918 – 1929, INIS, Beograd, 2002. St.85.
[134] Истото, 86

полициски забележници работеле бивши келнери, чистачи на чевли, скарации или најчесто лица со завршено 3 – 4 одделение на основно училиште[135].

Слабото образование било последица и на некои трагично комични недоразбирања. Кога началникот на Тиквешкиот округ, Војислав Вановиќ, добил доверлив допис во кој се објаснувало дека "бугарските комити се движат по извесни канали кои треба итно да се пронајдат,. Началникот седнат на коњ и тргнал по околиските села да бара ископани канали"[136].

Полициското чиновништво било преплавено со мито и корупција, а со тоа директно слабеела државната стабилност и довербата во власта.

Главен довереник на државата за просветни прашања бил просветниот инспектор. Највлијателен инспектор во "Јужна Србија" или синоним за просветен инспектор бил Драгомир Обрадовиќ. За него политичките противници говореле дека е "алкохоличар, коцкар и женкар" и дека неговата писменост била ограничена на читање дневни весници[137].

Надзорниците во "Јужна Србија" не биле "недоволно платени" меѓутоа имале широки овластувања. Материјалните средства им биле потребни за патувања по светот "како би можеле да го посетат училиштето каде што има потреба да се дадат упатства за работа или да се отстрани несогласувањето помеѓу наставниците, надзорниците им издавале наредби и упатства на наставниците, им препорачувале да обрнат внимание на утврдување на книжевниот акцент ", го контролирале начинот на програмата при прославување на Свети Сава, ја следеле состојбата на училишните згради и. тн.

Непосредно влијание на подигнување на квалитетот на наставата и поефикасноста во материјалното издржување на училиштата, надзорниците остварувале преку контакти со поглаваторите, општините и просветните институции во Скопје. Значаен број на училишни надзорници немале поволни услови за работа.

[135] Истото, 87
[136] Vladan Jovanovic, Jugoslovenska drzava i juzna Srbija 1918 – 1929, INIS, Beograd, 2002
[137] Истото, 90.

Канцеларијата за надзорништво во Битола била сместена во една соба над подрум полн со вода "Даските на патосот се разделени, може да се виде водата во подрумот и да се слушни крекањето на жабите....". За надзорник во турските училишта во "Јужна Србија" именуван бил Мехмед Митад Хаџиќ[138].

Во сеопштата река на чиновници која се сливала во "Јужна Србија" меѓу другите биле и казнувани, пензионирани па дури и осудувани.

Еден од хроничните проблеми на службата било отворање на писмата, најмногу во селата. Затоа некои селани кои имале потреба за коресподенција, тоа го завршувале преку трговски фирми и така би биле поштедени од љубопитноста на поштарите. Во зградите на селските општини во "Јужна Србија" најчесто имало прегради за писма и весници кои стоеле во ходникот а не во посебна просторија, па можел да земе секој кој што ќе посакал.

Поштенското чиновништво на "Јужна Србија" не било имуно ни на разни финансиски малверзации и притајување на државните пари.

Министерството за внатрешни работи бил централен орган на цела полициска структура, која заради подобра координација била поделена на 4 одделенија: за државна заштита, јавна безбедност, самоуправа и управа. Одделенијата за јавна заштита и безбедност го составувале Врховната полициска управа во периодот од 1918 – 1929 година полициската управа во "Јужна Србија" била поделена на обласна, окружна и општинска полициска управа. На 19. 06. 1929 година бил донесен Закон за внатрешна управа. Со овој акт полициските установи биле издвоени од останатите општи управни власти, а како основна административна единица во која се вршела месната полициска функција била назначена општината.

Надзор над сите политички работници, верски и патриотски друштва, пронаоѓање на потенцијални атентатори и лица кои вршат комунистичка или друга "растројна пропаганда" означени се како приоритетни цели на службата.

Од работниците се барало да избегнуваат писмено излагање и да ги чуваат во тајност изворите на информации.

[138] Истото, 93 – 94.

Административната организација и раководењето на службата и биле поверени на Одделението за државна заштита која на 11. 11. 1921 година било поделено на отсек со подотсек.

На одбрани припадници на службата "законити чиновници" им биле поделени строги доверливи шифри на чија основа се дешифрирани тајните на службата. За шифрирање бил користен системот на петоцифрени групи.

Занимливо е и било запишано дека "Јужна Србија" била покраина на чии граници завршувале три нестабилни државни граници, при Министерството за внатрешни работи акцент бил ставен на граничната служба. Основањето на гранична полиција и гранични комесари претставувале еден од таквите потези.

Во склад со чудните начела, на службениците од граничната полиција им било сугерирано да дозволуваат премин преку граница на сите кои во Кралството на СХС влегуваат како шпиони, атентатори и комунисти и исто така да му овозможат излез од државата. Внимание им било посветено и на обични патници, телеграфската и телефонската комуникација.

Пограничната полиција имала задача да ги прегледува патните исправи, да спечува излегување од земјата на војници од стален кадар. Исто така полицијата соработувала во надгледување на иселеници, надгледувала во увоз – извоз на оружје и јавните објекти на границите (хотели, гостилници).

Занимливо е дека смееле да пуштаат лица без патна исправа доколку на друг начин патниците можеле да докажат дека се државјани на Кралството СХС.

При претресот пограничните полицајци морале да посветат посебно внимание на штампани работи, исто така проверувале и евентуални пораки на платна од облеката, поставите и сл. Граничниот комесар сам одлучувал кого ќе го проверува, а секој маж морал да достави доказ дека ја регулирал воената обврска.

Во 1926 година Коста Пимотиевиќ во Народното собрание дал сликовита и јасна слика за полицијата во "Јужна Србија" : "Кај нас полицијата има се: таа е јавен бележник, таа ги потврдува исправите, таа пушта од притвор, таа извршува

судски пресуди и осуди и по граѓанско и по кривично дело. Таа го води списокот на оние кои имаат оружје и тие кои бараат оружје"[139].

Со наредбата која била издадена од декември 1925 година биле прецизирани методите за отцепување на службениците во Министерството за внатрешни работи. Вредноста и одговорноста на службениците требало да се мери со бројот на решени предмети, а совесноста со неподмитливост.

Полицијата била составен дел од војните кадри и имала задача да "бдее над јавната безбедност, да го одржува јавниот ред и мир и да обезбедува извршување на законите".

Според правила за вршење на службата од 1919 година кои ги потпишале министерот за внатрешни работи и воениот министер, се истакнува дека еден припадник на полицијата требало во секоја прилика да биде озбилен, пристоен и угледен, на секого требало да се обраќа со Вие а исто така и тој морал да биде именуван. Дружење со личности кои ги биел лош глас, примање на мито и други поклони било посебно забрането.

За да би може да ја врши својата должност правилно морал добро да го познава својот реон.

Прв акт на полициската функција била така наречената поука или одвраќање на народот од незаконски работи. Полицијата можела на своја рака да уапси и народни пратеници доколку биле фатени на незаконско дело.

Употребата на оружје им била дозволена на полицајците во неколку случаи: да совлада отпор "кој на убав начин не може да се совлада", во самоодбрана и сл[140].

Потковал со вакви сознанија, полицаецот покрај акциите со висок ризик, исполнувал и секојдневни активности како што биле: одржување ред на јавните собири и при елементарни непогоди, чување на јавни установи, контрола на трговските претпријатија, спречување на коцкање во кафеана и. тн.

[139] Vladan Jovanovic, Jugoslovenska drzava i juzna Srbija 1918 – 1929, INIS, Beograd, 2002. St.95 -100.
[140] Истото,102 – 104.

"Јужна Србија" била во надлежност на Втората полициска бригада, па Скопје било седиште на 1 баталјонски штаб а во Косовска Митровица бил сместен нејзиниот 2 штаб.

Началникот на Скопскиот округ сметал дека треба да се вметнат управните власти жалејќи се на недоволен број на полицајци во Охридскиот округ, тамошниот началник во јули 1919 година барал појачување заради основање на нови полициски пунктови. И покрај вонредните ситуации во Македонија во 1919 година, вкупно биле 1 136 полицајци (до крајот на годината пораснал бројот на 1 738). До 1921 година целокупниот состав на полицијата изнесувал 20 000 луѓе.

Војската на Кралството на СХС до 1923 година не била озбилно законски изградена[141]. Неконтролираното примање на бившите австроунгарски офицери во војската на СХС, како и примање на кадар со "низок квалитет" предизвикало незадоволство кај српските офицери.

Битен фактор во политиката на војската играла невидливата организација "Бела рака". "Јужна Србија" паднала под раководство на Третата армиска област.

"Јужна Србија" се состоела од неколку дивизиски области (Вардарска, Косовска, Брегалничка, Битолска) кои во воена смисла биле активни уште неколку години по завршувањето на Првата светска војна. Министерот за војска наредил на оваа територија да се спроведи регрутација, при што се очекувале околу 25 000 регрутирани. Во Вардарската дивизиска област биле предвидени 7 098, во Косовската 3 254 и Брегалничката 1 168 регрутирани. Меѓутоа одзивот бил многу слаб на властите "морале" да превземат соодветни казни.

Општа конфузија на подрачјето Брегалничка област, придонесло и присуство на неколку странски воени офицери (француски, грчки и италијански). Престојувањето на француските војници било применето и во Македонија. Војската се соочувала со проблеми. Војниците биле сместени по селата, офицерскиот кадар бил недоволен и хетероген, а недостасувале и подофицери[142]. Наведените проблеми биле главна причина за дискриминација на Третата армиска област.

[141] Vladan Jovanovic, Jugoslovenska drzava i juzna Srbija 1918 – 1929, INIS, Beograd, 2002. St.105.
[142] Истото,105.

Во Народното собрание биле изнесени предлози да се прегледааат списочите со регрути за "Јужна Србија" и статистички да се утврди бројот на српски и несрпски регрути. Имаќи во предвит дека војската била мултиетничка, од 1919 година било пристапено со законот за регрутирање на прашања кои биле поврзани со верските празници, начинот на исхрана, користењето на слободните денови, полагање на заклетва и сл.

Од март 1919 година во Македонија како центар на армиските области постоела и една "аеропланска" како и воздухопловна обласна команда. Штабот на Воздухопловниот пунк исто така бил во Македонија.

Македонија била седиште и на граничната трупа која од 1923 година била поново формирана. Првобитната организација на граничната трупа се одвивала во 7 гранични отсеци ( Штип, Битола, Дебар, Призрен, Врање, Зајачар и Подгорица).

Крајот на 1925 година граничната трупа броела 30 чети со околу 2 880 припадници од кои 10 чети биле групирани према Албанија, 16 према Бугарија и 4 према Грција. Трупата била поделена на 5 сектори : Призрен (5 чети), Охрид (7 чети), Струмица (4 чети), Кочани (11 чети) и Крива Паланка (3 чети). Секоја чета спрема албанската и бугарската граница имала по 3 офицери 100 војници, додека четитре спрема Грција броеле по 70 војници. Војниците на четите морале да бидат на возраст од 22 до 35 години, "да немаат пороци", и по можност да бидат писмени. Покрај бесплатното лечење биле ослободени од државен порез и од државата добивале комплетна воена опрема.

Правосудните органи во Кралството на СХС ги поставувала владата, а ги именувал и сменувал кралот. Покрај општите или редовните судови, постоеле и посебни судови (воени, црковни, работнички комори, државен совет и.тн.). Првостепени судови постоеле во: Прилеп, Битола, Скопје, Велес, Кавадарци, Куманово, Охрид, Струмица, Штип, Тетово, Призрен и Приштина.

Еден од главните симболи во Кралството на СХС биле затворите. Законот предвидувал во затворот да се има "јаки ѕидови", високи прозорци свртени кон затворскиот двор. Со овој закон биле предвидени 4 степени за извршување на казните. Кај малолетните лица најголем акцент бил ставен "на воспитување и

образување, гимнастички и други работи кои биле од корист"[143]. Се што заработувал затвореникот припаѓало на државата. Казните за робија биле одржувани во казнениот суд во Скопје[144].

Управниците на затворот немале немале стручна квалификација, во самите затвори често не се почитувале законите. Процедурата за евентуално помирување одела преку Кралската канцеларија[145].

[143] Vladan Jovanovic, Jugoslovenska drzava i juzna Srbija 1918 – 1929, INIS, Beograd, 2002. St.109.
[144] Истото, 110.
[145] Истото, 111.

# Глава III

## Отпорот на македонскиот народ во Прилеп и Прилепско против власта на кралството СХС

### 3.1 Организациската поставеност и дејствување на ВМРО

Внатрешната македонска револуционерна организација (ВМРО) била македонска револуционерна организација која постоела во периодот меѓу 1919–1934 година.

По завршувањето на Првата светска војна започнало политичко групирање и организирање на македонската емиграција во Бугарија. Оттука, кон крајот на 1919 година била формирана ВМРО, со Централен комитет: Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев. Главна цел на оваа организација била автономијата или независна Македонија, односно создавање на самостојна македонска држава[146].

На 20 декември 1919 година дејци на поранешната Македонска революционерна организација одржале таен состанок во Софија на кој било решено да се возбнови старата Организацијата, меѓутоа доаѓа до основање на нова организација под името Внатрешна македонска револуционерна организација. Оваа средба била организирана од страна на последниот Централен комитет формиран во 1911 година, во состав: Тодор Александров, Петар Чаулев и Александар

[146] Зоран Тодоровски, ВМРО 1924-1934, Скопје 1997.

Протогеров (го заменил убиениот Христо Чернопеев)[147]. На 19 март 1920 година официјално било објавено дека старата Организација е возбновена. Името на организацијата е променото, бидејќи по војната во Западна Тракија била формирана посебна Внатрешна тракиска револуционерна организација (ВТРО) под лидерството на Танс Николов.

Против возбновувањето на организацијата во овој вид се произнеле повеќе поранешни дејци, меѓу нив бил и еден од основачите на Македонската револуционерна организација - Христо Татарчев, претставниците на Привременото претставништво на „поранешната Внатрешна организација" и Македонската федеративна организација[148]. Според Иван Катарџиев:

*" самиот процес на создавање автономистичка ВМРО и наметнувањето на Тодор Александров за нејзин раководител бил проследен со отпори. Во тоа време, Тодор Александров ја немал поддршката на емиграцијата. Против него и неговите наметливи методи застанала група ветерани на македонското национално и револуционерно движење. Александров и Протогеров биле обвинети за узурпаторство, а поентата на обвинувањата била дека без конгрес не може да се избира раководство, а таков не бил одржан од 1908 година. Со тоа што отпорот спрема Александров бил силен и немало шанса легално да биде избран на чело на ВМРО, за да се внесе страв кај противниците, некои од нив биле убиени "*[149]

ВМРО како македонска револуционерна организација се залагала за автономија на Македонија и заштита на македонското население. На 3 февруари 1920 година Тодор Александров, Александар Протогеров, Иван Каранџулов, Никола Стојанов, Георги Баждаров, Михаил Монев, Аргир Манасиев, Наум Томалевски и други учествувале на седницата на која била донесена одлука за враќање на четничкото делување во Вардарска[150].

Во мај 1920 година организацијата располага со 17 чети во Вардарска Македонија и 5 во Егејска, составени од по 15 четници и тројца во резерва. Биле

[147] Истото
[148] Истото
[149] Д-р Иван Кантарџиев, Време на зреење. Македонското национално прашање меѓу двете светски војни 1919-1930, Скопје, 1977, ст.128
[150] Истото

возбновени револуционерните окрузи - Скопски, Битолски, Струмички, Серски и Солунски, како и околиите и реоните[151]. По целата граница на Бугарија со Македонија биле создадени пунктови кои биле одговорни за целата револуционерна дејност на ВМРО во внатрешноста. Во Горна Џумаја бил Иван Караџов, во Петрич Атанас Маџаров и Стојан Филипов во Неврокоп. Без да се свика конгрес Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев станале членови на ЦК на ВМРО, а за членови на Задграничното претставништво на ВМРО, второ по значење по ЦК, биле избрани Георги Баждаров, Наум Томалевски и Кирил Прличев.

*" Четите имаа војвода, кој навистина го заслужи тоа име: Тодор Александров. А изгледаше како вистински ајдук! Неговата слика, која виси во секоја македонска куќа, го прикажва со тијара на главата, донекаде слична на фригиската капа. Тој беше последниот крал на планините. По него, веќе ниеден комитски војвода не се осмели да ги постави своите шатори на територијата на југословенскиот крал Александар. Како што едно време капетаните ги предводеа своите платеници, така тој во 1912 и 1915 година ги предводеше своите комити во судири и битки. Во 1919 година победниците и наредија на Бугарија да го фати и да го затвори како воен злосторник. Но нему му тргна по рака да избега и тој се засолни во своите ридишта, подготвен за нови подвизи. За него слободно може да се каже дека не се плашеше од никого, освен од своите поручници, кои горе-долу ги испоуби. Но, токму меѓу нив се најдоа негови ученици, кои еден убав ден го убија својот учител, по се изгледа само затоа, за да му покажат дека добро ја научиле неговата поука "*[152].

Со помош на офицерската лига во Бугарија, успеала да се снабди со поголемо количество на оружје и финансиски средства од одредени кругови во Бугарија и Италија. ВМРО создала поголем број на комитски чети и селска милиција по примерот на старата Организација, од кои првите имале за задача по претходно утврден план да вршат вооружени акции во Вардарска и Егејска

[151] Истото

[152] Д-р Иван Кантарџиев, Време на знаење. Македонското национално прашање меѓу двете светски војни 1919-1930, Скопје, 1977

Македонија, а милицијата да ја обезбедува нејзината доминантна улога во Пиринска Македонија[153].

Во почетниот период од нејзиното дејствување, односно до 1923 година, и покрај соработката со бугарските воени кругови, Организацијата оставила впечаток кај Македонците во сите делови на Македонија дека таа навистина стоела на позициите на независност и автономност[154]. Во овој период ВМРО, со мали исклучоци, не се мешала во внатрешниот политички живот на Бугарија. Таа имала затегнати односи со земјоделската влада на Стамболиски поради неговиот обиди за зближување помеѓу Бугарија и Кралството на СХС.

Таквата политика на Стамболиски, допринела ВМРО да заземе непријателски став кон бугарската влада, бидејќи добрососедските односи помеѓу двете држави требало да се градат врз сметка на распуштањето на Организацијата, бидејќи таа со своето вооружено дејствување во Вардарска Македонија била непријател број еден за уставниот и државен поредок на Кралството на СХС. До тој временски период комитските упади со поголеми чети на територијата на Кралството на СХС и Грција и судирите со тамошните воено-полициски органи имале карактер на организирана вооружена борба, која била слична и имала континуитет со борбите во минатото на македонскиот народ.

Меѓутоа во почетокот на 20-тите години на 20 век, ВМРО започнала постепено да го напушта четничкото војување и постепено да го заменува со терористички дејствувања[155].

Терористичката тактика била применувана од страна на старата Македонска револуционерна организација, меѓутоа таа се ограничувала на ликвидации на одделни лица, кои на одреден начин директно или индиректно се огрешиле кон македонското револуционерноп движење.

Меѓутоа оваа терористичка тактика почнала сосема да се разликува од тероризмот и атентатите на ВМРО од почетокот на 20-те години, а тероризмот како

[153] Фонд ВМРО
[154] Истото
[155] Златна книга, 100 години ВМРО, Скопје 1993

метод на вооружено дејствување, во 30-те години на 20 век бил усвршен од страна на ВМРО[156].

Постојат неколку причини за отфрлање на четничкото војување и прифаќање на тероризмот како средство за понатамошна борба. ВМРО започнала се повеќе да применува терористички методи поради обидите за зближување меѓу Бугарија и Кралството на СХС, меѓутоа и поради барањата на дел од дејците во македонското револуционерно движење да се свика конгрес и да се избере ново раководство на ВМРО. На дневен ред било изнесено и прашањето за легалноста и законитоста на тогашниот ЦК во состав: Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев, со што се заостриле односите во македонското револуционерното движење. Нападите против раководството на ВМРО доаѓале од претставниците на т.н левица меѓутоа се појавило и разногалсије во самата Организација[157].

Поделбите, разногласијата и непријателствата довеле до проблемите во македонското револуционерно движење да се расчистуваат по пат на терор и атентати. Во почетокот по наредба на ЦК на ВМРО билке изведувани атентати врз поединци од македонското револуционерно движење, меѓутоа атентатите се засилиле по создавањето на Македонската федеративна револуционерна организација (МФРО), кога двете организации започнале борба за превласт во револуционерното движење[158].

Во оваа вооружена борба, ВМРО поради поголемиот воружен потрепцијал и подобрата организација, успеала да стекне превласт и да ги уништи базите на МФРО во Пиринска Македонија.

Вториот сегмент кој придонел ВМРО да го усоврши својот тероризам бил непријателски однос кон бугарската влада на Александар Стамболиски. Непријателство постепено се претворил во воружен судир, кој што во подоцнешните години се покажал како погубен за општествениот и политички живот во Бугарија.

---

[156] Истото
[157] Истото
[158] Виолета Ачкоска и Никола Жежов, Предавствата и атентатите во македонската историја, Скопје, 2004

Владата на Стамболиски се обидела да ја растури мрежата на ВМРО, а самата организација на таквата акција одговорила *со* изречување *на* смртни пресуди на клучните фигури на земјоделската власт, министерот Александар Димитров и самиот бугарски премиер, кои подоцна и се отствариле.

Во периодот помеѓу 1923-1924 година, ВМРО се обидела да стапи во контакт со Советскиот Сојуз, за да добие средстава и финансии, но таквата помош од советска страна била условена со барање за обединување на сите спротивставени страни во македонското револуционерно движење[159]. Поради преговорите, раководителите на Организацијата наредила да престанат сите дејствија против македонски револуционери кои имале изречени смртни пресуди.

Во екот на контактите за да ја засили својата преговарачка позиција, ВМРО продолжила со своите комитски напади во Кралството на СХС и Грција, за да остави впечаток дека таа не е терористичка организација туку субјект којшто ги одразувал вистинските желби и стремежи на македонскиот народ за создавање на посебна македонска држава.

Во перидот помеѓу 1924-1928 година, се водела борба за превласт во ЦК на ВМРО и тогаш се појавил младиот и амбициозен Иван Михајлов кој успела да победи во борбата и да постави основите на една чистот терористичка организација-ВМРО.

Во 1934 година бугарската влада на Кимон Георгиев со закон го забранила постоењето на македонските емигрантски организации, меѓу нив и ВМРО. И покрај тоа што пониските структури на Организацијата очекувале од Иван Михајлов да издаде наредба за давање на отпор против таквата одлука на бугарската власт, тоа не само што не се случило, туку Михајлов наредил на мирен начин да и се предаде организационото оружје на органите на власта.

[159] Д-р Никола Жежов, Македонското прашање во југословенско-бугарските дипломатски односи 1919-1941

Во Македонија под српско ропство Организацијата си ја постави следната непосредна задача: Внатрешната македонска организација поради причини од внатрешен политички карактер и од тактички мотиви засега ќе содејствува наполно со сите, кои што се борат внатре по легален начин – врз основа на законите во државата и во согласност со другите поробени народности во Македонија и другите области на Југославија – за извојување на федеративно управување во Југославија со Македонија – рамноправен член во федерацијата.[160] Во Македонија под грчко ропство, каде условите се многу различни и потешки, отколку во Југославија, Организацијата ќе има за главна и непосредна задача: да се зачува националната свест и името на бугарското население таму и да се најдат начини тоа да не емигрира – да не се примени договорот за „доброволно" иселување, склучен меѓу грчката и бугарската влада, затоа што и без тоа бугарскиот елемент таму е значително разретчен од 1913 год. наваму.

Во периодот помеѓу 26-30 јуни 1920 година започнала суштинската подготовка за возбновување на револуционерната дејност во Македонија. Од Албанија во Охридско, Дебарско, Битолско, Прилепско и Тиквешко се префрлиле четите на Александар Протогеров, Петар Чаулев, Трајко Павлов и Петар Мусев, кои со помош на локалните војводи започнале да се спротиставуваат на српските сили. Тодор Александров, Панчо Михајлов, Иван Јанев - Брлев, Симеон Клинчарски, Лазар Велков, Ефрем Чучков и Крсто Лазаров започнале да дејствуваат од источната страна на реката Вардар[161].

Од 4 декември 1921 година во Вардарска Македонија, според податоците на ВМРО, дејствувале 11 илегални чети на исток од Вардар и 8 на запад, а бројот на илегалните револуционери изнесувал 1620 лица. Против овие сили на ВМРО дејствувале српската армија, контрачетниците и српски колонисти[162].

Според податоците на ВМРО, во 1921 година се воделе 22 борби, а во 1922 година 56 борби, загубите на српските сили од јануари 1923 година изнесувале 263 убиени и над 800 повредени војници, жандарми и контрачетници. Меѓу убиените

[160] Златна книга, 100 години ВМРО, Скопје, 1993
[161] Зоран Тодороски, ВМРО 1924-1934, Скопје 1997
[162] Истото

имало 6 армиски офицери, 9 жандармериски офицери и 11 војводи од контрачетите. ВМРО изгубил 52 четници и 7 војводи, а 143 биле повредени. Во периодот помеѓу 1923-1924 година во Вардарска Македонија дејствувале 53 чети на ВМРО, 36 влегле од Бугарија, 12 биле локални, а 5 навлегле од Албанија. Вкупниот број на нелегалните работници, според податоците на ВМРО, изнесувал 3 245 четници, 79 војводи , 54 подвојводи, 41 секретари и 193 курири[163].

Тие воделе вкупно 119 борби, извршиле 73 напади на административни и инфраструктурни цели, а српските сили игубиле 279 војници, 9 офицери и 16 војводи на контрачетите и жандармериски офицери. Биле повредени повеќе од 1 300 војници и офицери. ВМРО игубиле 56 четници, 7 војводи и 5 подвојводата. Уапсени биле вкупно 11 890 мирни граѓани, од кои 1 020 се убиени, а повеќе од 6 200 се осудени на затвор[164].

Уште при првите чекори на ВМРО, дел од македонските револуционери на чело со популарниот кратовски војвода Дончо Ангелов, Ефрем Чучков и други, истапиле како опозиција против Тодор Александров.

Тие побарале пред да се започне со изградбата на организациската мрежа, да се свика конгрес на кој требало да се избере легално раководство, да се одредат целите и методите на претстојната борба. Меѓутоа Александров го одбил барањето и инсистирал најпрво да се изгради нелегалната организација, а потоа да се свика конгресот.

Сите обиди за постигнување на договор биле неуспешни и станало јасни дека во суштина конфликтот е кој да ја раководи организацијата. Отука во почетокот на септември 1921 година двете групи започнале пресметки. Расколот во ВМРО попримил опасни форми и размери кои го довеле во прашање и самото постоење на организацијата.

Противниците на Александров преминуваат кон федералистите и во април-мај 1922 година формирале нелегален *Централен револуционерен Федеративен комитет* во состав Крум Зографов, Александар Панов, Григор Циклев, Велко

[163] Златна книга, 100 години ВМРО, Скопје, 1993
[164] Истото

Мандарчев и др. Комитетот имал и Задгранично преставништво, во кое влегувале д-р Филип Атанасов и дотогашните најблиски соработници на Тодор Александров, Славе Иванов и Стојан Мишев. Во април 1922 година била организирана специјална чета на чело со војвода Крсте Зографов, четата имала за задача да го ликвидира Тодор Александров, кој се наоѓал во Вардарска Македонија, меѓутоа четата била пранудена да се повлече во Пиринска Македонија откако Крсте Зографов загинал во борба со една српска потера.

Федералистите со поддршка на земјоделската влада успеале да ги заземат Неврокоп и Ќустендил. Меѓутоа во октомври и декември 1922 година, ВМРО презела две акции со кои ги уништила силите на федералистите во овие два града, по што ја воспоставиле својата контрола. Во октомври 1922 година, Александров испратил ултиматум до федералистите во кои побарал прекинување на нивните акции против ВМРО. Некои од федералистите го прифатиле ултиматумот, а оние кои одбиле биле ликвидирани со што Александров успеал да се наметне како главен фактор сред македонското револуционерно движење.

Во текот на втората половина на 1923 и првата половина на 1924 година продолжиле атентатите врз поединци од македонското револуционерно движење. Смртните пресуди изречени од ЦК на ВМРО сега продолжиле да се извршуваат врз преостанатите позначајни преживеани личности од македонското движење блиски до Серчаните, но и врз водачите на федеративното движење.

Во почетокот на 1925 година во Вардарска Македонија, ВМРО имала 976 вооружени луѓе кои биле поделени 39 чети и 17 групи, а делувале и 63 курири. Во Пиринска Македонија како резервни сили биле третирани 179 души кои биле активни и 1160 души кои биле неактивни[165].

Од 3-ти април 1925 година во Битолскиот револуционерен округ како нелегално раководство дејствувале Алексо Стефанов - претседател, Петар Шанданов - зам. председател и Крум Петишев - секретар. На чело на околиските чети биле: Петар Шанданов бил назначен за битолски околиски војвода со 11

[165] Истото

четници, Алексо Стефанов за Демирхисарско со 17 четници, Иван Ѓонев за Крушевско со 25 четници, Тасе Христов за Ресенско со 9 четници, Илија Лерински со 18 четници во Леринско, Андон Попштериов со 11 четници во Костурско, Стефан Алабаков со 20 души во Струмичко, Наум Јосифов со 23 души го обиколувал Охридско, во Прилепско бил Петар Костов со 33 души и Петар Ангелов со 16 четници за Преспанско. Кон нив се приклучиле и Борис Изворски со 23 четници за Охридско и Петар Трајков за Дебарско со 22 четници.

Иван Михајлов испратил инструкции и правила за сите чети, во кои имало наредби за зајакнување на дисциплината во Организацијата, да се сведат на минимум шипунските дејствија, да се намали на притисокот врз мирното население.

Имало строга забрана да не се примаат нови членови, а четите добиле строги упатства да не навлегуваат во внатрешноста на Македонија и да не извршуваат напади без согласност на ЦК на ВМРО.

Сите војводи и четници кои не биле активни, добиле наредба да не носта комистка облека туку да се облекуваат во цивилни алишта, да не носта оружје и на секаков начин да избегнуваат било каков сомнеж дека се комитски луѓе. Голем дел од војводите се спротиставиле на оваа наредба, меѓутоа Михајлов издал наредба за ликвидација на Иван Барлев, Панчо Михајлов и други, со што успеал да ги наметне своите одлуки.

На 25 февруари, Михајлов издал наредба за растурање на четите и нивно трансформирање во терористички групи во т.н *тројки* и *петорки*, за изведување на поголема акција било допуштено скипирање на група од 10 души. На оваа наредба се спротиставил Александар Протогеров.

Во периодот помеѓу 5 март и 5 мај 1925 година, во кампови на ВМРО биле обучени 500 млади четници и војводи, распределени во 50 чети од по 8 четници и двајца подвојводата за Пиринска Македонија[166]. Во градовите и селата низ Вардарска и Егејска Македонија, требало да дејствуваат т.н *тројки* кои требало да

[166] Фонд Национално ослободително движење на македонските бугари

извршуваат напади врз цели кои претходно биле одбрани, со што постепено се напуштало четничкото војување и се заменувало со терористички акции[167] .

Во 1925 година ВМРО од бугарската армија обезбедила оружје, облека и борнеби упатства. Околиските чети биле опремени со униформи и целосна воена опрема. Во јануари 1926 година, ВМРО во Пиринска Македонија располагала со 6 714 вооружени лица, 1 651 локални четници и 8 107 мажи способни за воени дејствија.

Во текот на 1926 -1927 година во Вардарска Македонија биле извршени повеќе атентати врз личности и објекти.

На 20 јуни 1928 година во Софија, преку дотогаш српскиот агент, Иван Момчилов од Прилеп, бил направен обид за атентат врз Иван Михајлов и други членови на ЦК на ВМРО, а по лично подготвен план од српската разузнавачка служба на чело со Жика Лазиќ, началникот на државна безбедност. Истиот ден бил инсцениран атентат близу фабриката за шеќер во Софија и биле пуштени гласини дека има ранети и убиени членови на ЦК на ВМРО, дури и дека Иван Михајлов бил убиен. Иван Момчилов со големи државни почести, со специјален службен вагон, од Скопје отпатувал за Белград да му ја однесе лично радосната вест на Жика Лазиќ. Во кабинетот на Жика Лазиќ наеднаш се случил неочекуван пресврт, Иван Момчилов со неколку истрели од пиштол пукал во личноста пред него за која сметал дека е шефот на државната безбедност, по што се самоубил. Српските служби не знаеле дека Момчилов бил разузнавач на ВМРО. Неуспешниот атентат на ВМРО врз Жика Лазиќ се случил на 13 јули 1928 година.

Во текот на 1929 и година, ВМРО продолжила со своите терористички активности во Вардарска Македонија.

Во Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни биле убиени 40 прилепчани. Методите на убиства се движеле со директно убивање со огнено оружје, до употреба на ладно оружје, дури до сечење на глави со секири. Некои биле убивани во заседа, надвор од градот, нивните лешови биле пронаоѓани по повеќе изминати месеци од случајни минувачи. Повеќе убијци во зависност од

[167] Истото

нарачателот, режимот, останале непознати или за нивните злодела биле обвинувани граѓани пред се млади луѓе, односно биле монтирани мотивите за убиствата. Истрагата била вршена од Началството на Битолскиот округ на Министерството за внатрешни работи.[168]

Со вооружените комитски акции во вардарскиот дел на Македонија автономистичката ВМРО се прикажувала како единствен заштитник на македонскиот народ, која што со револуционерни средства се борела за ослободување на Македонија.

# Заклучок

По првата светска војна била создадена нова политичка карта на Европа. Притоа некои државни граници биле поместени, но биле создадени и нови држави, а Македонија како природна географска и етничка територија на македонскиот народ останала вештачки поделена меѓу соседните балкански држави.

На политичката карта на Европа по Првата светска војна Македонија останала поделена меѓу четирите соседни балкански држави Србија, Бугарија, Грција и Албанија. Притоа новосоздаденото Кралство на Србите, Хрватите и Словенците (СХС) го добило вардарскиот дел на Македонија со 25 713 км квадратни и околу 800 000 жители од кои 96 % биле Македонци.

Со тоа уште еднаш на воен план била распарчена Македонија од страна на соседните завојувачки држави, а македонскиот народ пак останал поделен, со прекинати културни, општествени и стопански врски. Но решавањето на македонското национално прашање и прашањето за обединета Македонија било постојано актуелно. Во наведените услови на политичко – територијалната разделеност на Македонија и македонскиот народ, разните македонски организации, здружено и самостојно, направиле повеќе обиди низ апели и други форми да реагираат за зачувувањето на целоста и обезбедувањето на автономија на Македонија.

Сепак македонскиот народ најмногу бил загрозен од денационализаторската политика на Србија. Македонската национална самобитност била наполно негирана и во училиштата бил воведен српскиот наставен јазик.

Во духот на српската традиција, презимињата на граѓаните биле променети на – иќ. Македонија била именувана како Јужна Србија а Македонците како Јужносрбијанци. Српскиот јазик бил воведен и во администрацијата, а сето

чиновништво било доведено надвор од Македонија. Ист бил случајот и со високото свештенство. Со тоа сите сфери на општествениот живот биле ставени во функција на што побрза србизација на македонските простори и губење на македонскиот национален идентитет.

Својата големосрпска денационализаторска политика, новите власти најизразито ја покажале во отпочнатата аграрна реформа и колонизацијата на српското население во најплодните македонски краишта, доделуваќи им бесплатна земја и имоти. Веднаш по војната владата донела основен закон за аграрна реформа. Овој закон го утврдил земјишниот максимум, со кој можело да располага едно семејство и со тоа биле укинати дотогашните феудални остатоци.

Во Прилеп и Прилепско аграрната реформа најмногу се одразила при одземањето на слободната државна земја и колонизирањето на српските семејства од другите делови на Кралството на СХС. Главно биле колонизирани бивши четници, кои требало да бидат главен потпирач на српските власти во спроведувањето на нивната хегемонистичка политика во „Јужна Србија„ и денационализацијата на „Јужносрбијанците„.

Целокупниот политички и општествено – економски систем на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, бил насочен кон забрзана денационализација и асимилација на македонското население, за која цел биле применувани најразновидни форми на дејствување. Биле опфатени сите сфери на општествениот живот, од просветата и културата, до спортскиот живот и вработувањата на Македонците во државна служба во српски национални средини.

Сето тоа било потпомогнато од огромниот административен, културно – просветен и воено полициски репресивен апарат.

Македонскиот јазик бил забранет за службена употреба и јавните приредби, а најстрого се казнувало и политичкото здружување на национална и религиозна основа. Кралството на СХС извршило протерување на учителите, свештениците и чиновниците Македонци во другите краишта на Кралството, најчесто во самата Србија, а во „Јужна Србија„ испраќале свој проверен српски кадар.

Значајно внимание било посветено и на печатената пропаганда, разни изданија и весници. Најмасовниот организиран систем на денационализација и асимилација во Прилеп и Прилепско секако била просветата, основните училишта, гимназијата и стручните училишта (трговска и земјоделска школа).

Во таквите тешки услови на денационализација и асимилација, влошена економска положба и политички репресалии, прогресивните македонски сили развиле значења културно – просветна дејност.

Тешката политичко, економско и социјална положба во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни произлегувала од специфичното место што овој дел на Македонија го имал во составот на Кралството СХС.

Во политички поглед Вардарска Македонија претставувала подрачје на засилена денационализаторска и асимилаторска политика од страна на Кралството на СХС, а во економски – аграрен додаток на поразвиените подрачја. Заради тоа нејзиниот стопански развиток бил успорен. Земјоделството било екстензивно, индустријата неразвиена.

Појавите што го карактеризираат политичкиот живот во Кралството на СХС, а во тој контекст и во вардарскиот дел на Македонија во периодот од 1919-1929 година, несомнено е бројноста на политичките партии. Внатрешните партиски судири и меѓупартиската борба доаѓале до израз особено на одржувањето на изборите. Македонскиот народ и покрај тоа што непосредно учествувал на парламентарните избори, сепак тој бил принуден да гласа за туѓи партии и програми.

Од друга страна пак Српската влада веднаш по Букурешкиот мировен договор започнала со колонизирање на Вардарскиот дел на Македонија, но таа колонизација не добила поголеми размери поради поради нестабилната политичка ситуација на Балканот и во Европа.

За цело време на Кралството на СХС големосрпската буржоазија спроведувала една неприродна колонизација во Вардарска Македонија, чија главна цел било денационализација и асимилација на македонскиот народ. Таа цел требало

да се оствари преку населување во Македонија семејства од другите краишта на земјата.

Како субјекти на колонизацијата биле најмногу оние категории на лица кои пред се биле погодни за србизација на Македонија. Тоа биле разни колонисти од Србија, Црна Гора и Хрватска, потоа доброволци, четници, жандарми и војни лица.

Во Битолскиот округ со колонизација биле опфатени четирите околии – Битолската, Мариовската, Прилепската и Крушевската. Најсилно колонизацијата била изразена во прилепската околија, каде што биле создадени и нови колонии.

Всушност појавите што го карактеризираат политичкиот живот во Кралството на СХС, а во тој контекст и во Прилеп и Прилепско во периодот од 1919 до 1929 година, на народот не му била дадена можноста да гласа за македонската политичка партија, бидејќи политичкиот живот морал да се движи во правец кој го диригирал Белград. Така македонскиот народ и покрај тоа што непосредно учествувал на парламентарните избори, сепак тој бил принуден да гласа за туѓи партии и програми, поточно како што налагало Кралството на СХС. Евидентно е дека животот на македонското население под новиот поробувач не бил ни најмалку лесен,но битно е дека постоел отпор и дека сеуште била жива идејата за македонска самобитност.

Новите политички движења и идеологии кои се појавиле и ширеле низ Европа, биле прифатени од македонскиот народ и во нив гледале спас за ослободување од агресорот и конечно признавање на македонскиот национален идентитет.

И конечно со застанувањето на вистинската, победничката страна од двете светски војни, ќе и овозможи на Македонија статус на република во рамките на СФРЈ, а македонскиот народ и јазик ќе биде признат како посебен.

Низ изработката на овој магистерски труд, наидов на низа потешкотии, меѓу кои наоѓање на податоци и информации за овој период (1919-1929) посебно за градот Прилеп и неговата околина,можеби заради тоа што сме живееле заедно со Србите во иста федерација и многу податоци се прекриени и не се дозволени да се објават или пак, како што може да се види дека описменувањето на прилепското

,односно македонското население се вршело од страна на српските учители,кои строго го забранувале македонскиот јазик.

Прилеп како еден од најреволуционерните градови, дал голем отпор против асимилацијата и колонизацијата од страна на српските власти. Преку прилепчани може да се види жилавоста и истрајноста на македонскиот народ во борбата за самостојност и самодокажување. Таа борба има цена, а цената што ја платија е огромна, илјадници луѓе го загубија животот во борба, други изгубија имоти, трети беа принудени да заминуваат на печалба, поради големата сиромаштија и глад.

Но крај се успеа во битката за создавање на слободна и независна македонска држава.

И конечно да завршам, почетокот на XX век донесе нови војни, нови прекројувања на границите, ослободување на малите поробени земји, многу дотогашни влијателни империи згаснаа и од нив се создадоа нови држави, се појавија нови политички движења, индустријализацијата земала полн замав, и се навести новата ера на технологијата и индустрија, која битно влијае врз развитокот на човештвото.

# Селективен преглед на користени извори и литература

## НЕОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

Државен архив на Република Македонија

Фонд: Претседателство на Влада на НРМ

Фонд: Извршен совет на СРМ

## ОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ

1.Фонд Министерство за внатрешни работи на Кралството на СХС

2.Фонд ВМРО

3.Фонд министерство за просвета на Кралството на СХС

4.Фонд Национално ослободително движење на македонските бугари

**Архив на Институтот за национална историја, Скопје**

1.Фонд Трета армиска област

**СПИСАНИЈА И ВЕСНИЦИ**

"Нова Македонија"- Орган на ФН (Социјалистичкиот сојуз) на Македонија

Гласник на Институтот за национална Историја

Историја (списание на сојузот на друштвата на историчари на СРМ)

Службен весник на ФНРЈ

Службен весник на СРМ

*Литература:*

1.Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ – Прилеп, Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918-1941 година, Книга I (Материјали од Научниот собир одржан на 1, 2 и 3 јуни 1988 година)

2. Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ – Прилеп, Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918-1941 година, Книга II (Материјали од Научниот собир одржан на 1, 2 и 3 јуни 1988 година)

3. Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ – Прилеп, Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918-1941 година, Книга III (Материјали од Научниот собир одржан на 1, 2 и 3 јуни 1988 година)

4.Институт за Национална Историја-Скопје, Прилеп и Прилепско низ историјата, Книга прва, Прилеп 1971

5. Институт за Национална Историја-Скопје, Прилеп и Прилепско низ историјата, Книга втора, Прилеп 1972

6.Никола Жежов, Македонското прашање во југословенско-бугарските дипломатски односи (1918-1941), Скопје 2008

7.Ристе Бунтески-Бунте, Методија Андонов-Ченто, Скопје 2002

8.Илиевски Борче, Политиката на Кралството СХС/Југославија кон миграционите движења на турското и муслиманското население од вардарсекиот дел на Македонија 1918-1941

9.Надежда Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија (1919-1929), Скопје 2004

10.Стојан Киселиновски, Етничките промени во Македонија (1913-1995), Скопје, 2000

11.Ристо Христов, Трудбеничките општествени слоеви во Македонија (1919-1941), Скопје, 1994

12.Ристо Христов, Селото во вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни, социо-економски истражувања, Скопје, 1993

13.М-р Петар Соколовски, Колонизацијата во Битолско и Прилепско (1919-1941), Битола 1992

14.Македонија во меѓународните договори (1913-1940), том први, избор редакција и коментар Михајло Миноски, Скопје, 2006

15.Тодор Александров – Се за Македонија, документи 1919 – 1924, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005

16.Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920 – 1930, Скопје, 1974

17.Глигор Тодоровски, Демографските процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата светска војна до осамостојувањето на Македонија, Скопје, ИНИ, 2001

18.Историја на македонскиот народ, том 4, Скопје, 2003

19.Воислав Д, Кушевски, Македонското прашање во Друштвото на Народите, Скопје, 2001

20.Зоран Тодоровски, ВМРО 1924 – 1934, Скопје 1997

21.Златна книга, 100 години ВМРО, Скопје 1993

22.Д-р Иван Катарџиев, Време за зреење, Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919 – 1930), Скопје, 1977

23.Стремеж, 2, Прилеп 1954

24.Зборник на трудови на ДПУ, том 21г., Прилеп 2005

25.Народни херои од Македонија, НИК, Скопје 1973

26.Кузман Јосифоски-Питу,(живот.дело.време). Скопје 1979

27.Личности од Македонија, МИ-АН, Скопје 2002

28.Прилеп низ стари фотографии, Прилеп 2010

29.Томислав А Шапчески, Билјана Т. Попоска, Здравството во Прилеп 1900-1945, Прилеп 1996

30.Vladan Jovanovic, Jugoslovenska drzava I Juzna Srbija 1918 – 1929, INIS, Beograd 2002

31.Д-р Живко Топалович, Привредни проблеми југа, издање београдске радничке коморе, Београд 1927

32.Др Жарко Јованович, Наталија Јованович, Народно Просвечивање у делу Јужне Србије (Македонији) 1918-1941, Београд 2007

33.Љуб. Маркович, Шуме и Шумарство нашега југа, Скопље 1939